# Службен гласник на Општина Штип

| Службен гласник на Општина Штип Излегува по потреба | Број 12 3 декември 2015 година | Година LII |
|---|---|---|


СОДРЖИНА

Р. бр. страна


| | | |
|---|---|---|
| 567. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката на УО на ЈП „Исар“- Штип за утврдување на висина на надомест за потрошена вода и одржување на водоснабдителен систем во с. Лакавица и с. Балталија | 689 |
| 568. | Одлука за давање согласност на Одлуката на УО на ЈП „Исар“- Штип за утврдување на висина на надомест за потрошена вода и одржување на водоснабдителен систем во с. Лакавица и с. Балталија | 689 |
| 569. | Одлука за утврдување на висина на надомест за потрошена вода и одржување на водоснабдителен систем во с. Лакавица и с. Балталија | 690 |
| 570. | Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Штип во проектот „Паркот на Макфест“ | 691 |
| 571. | Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Штип во проектот „Паркот на Макфест“ | 692 |
| 572. | Решение за објавување на Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Штип | 693 |
| 573. | Одлука за организацијата, делокругот и начинот на | 693 |

| | | |
|---|---|---|
| | извршување на задачите на општинската администрација на Општина Штип | |
| 574. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Статутот на Општинската установа за култура Дом на млади-Штип | 710 |
| 575. | Одлука за давање согласност на Статутот на Општинската установа за култура Дом на млади-Штип | 711 |
| 576. | Статут на Општинската установа за култура Дом на млади-Штип | 711 |
| 577. | Решение за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Штип за 2015 година | 729 |
| 578. | Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Штип за 2015 година | 729 |
| 579. | Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства на БК „Балканец 2008“-Штип | 731 |
| 580. | Одлука за одобрување на финансиски средства на БК „Балканец 2008“-Штип | 731 |
| 581. | Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Друштво за спортски дејности ФК „Брегалница 2008“ АД-Штип | 732 |
| 582. | Одлука за одобрување на финансиски средства на Друштво за спортски дејности ФК „Брегалница 2008“ АД-Штип | 733 |
| 583. | Решение за објавување на Одлука за донесување на План на програми за развој на Општина Штип за период од 2016 до 2018 година | 734 |
| 584. | Одлука за донесување на План на програми за развој на Општина Штип за период од 2016 до 2018 година | 734 |
| 585. | План на програми за развој на Општина Штип за период од 2016 до 2018 година | 736 |
| 586. | Решение за објавување на Програма за работа на Советот на Општина Штип за 2016 година | 751 |
| 587. | Програма за работа на Советот на Општина Штип за 2016 година | 751 |
| 588. | Решение за објавување на Одлука за донесување и финансирање на Програма за 2015 година за одбележување на Денот на градот 19 Декември-Свети Никола, Одбележување на денот на раѓањето на Ацо Шопов и новогодишни одбележувања | 767 |
| 589. | Одлука за донесување и финансирање на Програма за 2015 година за одбележување на Денот на градот 19 Декември-Свети Никола, Одбележување на денот на раѓањето на Ацо Шопов и новогодишни одбележувања | 767 |

| | | |
|---|---|---|
| 590. | Програма за 2015 година за одбележување на Денот на градот 19 Декември-Свети Никола, Одбележување на денот на раѓањето на Ацо Шопов и новогодишни | 768 |
| 591. | Решение за објавување на Програма на Општинска установа за култура Дом на млади-Штип за 2016 година | 770 |
| 592. | Програма на Општинска установа за култура Дом на млади-Штип за 2016 година | 770 |
| 593. | Решение за објавување на Заклучок за висината на средствата по Програмата на Општинска установа за култура Дом на млади-Штип за 2016 година | 787 |
| 594. | Заклучок за висината на средствата по Програмата на Општинска установа за култура Дом на млади-Штип за 2016 година | 787 |
| 595. | Решение за објавување на Програма за спроведување на општите марки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Штип за 2016 година | 788 |
| 596. | Програма за спроведување на општите марки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Штип за 2016 година | 789 |
| 597. | Решение за објавување на Програма за остварување на социјалната, детската и здравствена заштина на Општина Штип за 2016 година | 791 |
| 598. | Програма за остварување на социјалната, детската и здравствена заштина на Општина Штип за 2016 година | 792 |
| 599. | Решение за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2015 година | 808 |
| 600. | Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2015 година | 808 |
| 601. | Решение за објавување на Програма за дополнување на Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2015 година | 813 |
| 602. | Програма за дополнување на Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2015 година | 813 |
| 603. | Решение за објавување на Програма за Локален економски развој во Општина Штип за 2016 година | 816 |
| 604. | Програма за Локален економски развој во Општина Штип за 2016 година | 817 |

| | | |
|---|---|---|
| 605. | Решение за објавување на Одлука за усвојување и финансирање на Програмата за работа на Друштвото за спортски дејности ФК „Брегалница 2008“ АД-Штип за 2016 година | 832 |
| 606. | Одлука за усвојување и финансирање на Програмата за работа на Друштвото за спортски дејности ФК „Брегалница 2008“ АД-Штип за 2016 година | 832 |
| 607. | Глобална програма за работа на ФК „Брегалница 2008“-АД-Штип за 2016 година | 833 |
| 608. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „Јане Сандански”-Штип за учебната 2014/2015 година | 836 |
| 609. | Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „Јане Сандански”-Штип за учебната 2014/2015 година | 836 |
| 610. | Решение за објавување на Заклучок за донесувње на Годишна програма за работа на СОУ „Јане Сандански”-Штип за учебната 2015/2016 година | 837 |
| 611. | Заклучок за донесувње на Годишна програма за работа на СОУ „Јане Сандански”-Штип за учебната 2015/2016 година | 838 |
| 612. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Штип за период од 01.01.2015 до 30.09.2015 година | 838 |
| 613. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Штип за период од 01.01.2015 до 30.09.2015 година | 839 |
| 614. | Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Штип за период од 01.01.2015 до 30.09.2015 година | 840 |
| 615. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за состојбата и користење на средствата од самопридонесот за период од 01.01.2015 до 30.06.2015 година | 861 |
| 616. | Заклучок за усвојување на Извештај за состојбата и користење на средствата од самопридонесот за период од 01.01.2015 до 30.06.2015 година | 861 |
| 617. | Решение за објавување на Заклучок по Барањето од Друштвото за трговски промет „ЕЛМАР” АД-Штип | 862 |
| 618. | Заклучок по Барањето од Друштвото за трговски промет „ЕЛМАР” АД-Штип | 862 |

567.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ
НА ОДЛУКАТА НА УО НА ЈП „ИСАР“-ШТИП ЗА УТВРДУВАЊЕ
НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТ ЗА ПОТРОШЕНА ВОДА И
ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ ВО
С. ЛАКАВИЦА И С. БАЛТАЛИЈА

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката на УО на ЈП „Исар“- Штип за утврдување на висина на надомест за потрошена вода и одржување на водоснабдителен систем во с. Лакавица и с. Балталија.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-9965/2 Општина Штип
1 декември 2015 година Градоначалник
Ш т и п прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

568.

Врз основа на член 11 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 и 61/15) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 ноември 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР
НА ЈП „ИСАР“-ШТИП ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТ ЗА
ПОТРОШЕНА ВОДА И ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ
ВО С. ЛАКАВИЦА И С. БАЛТАЛИЈА

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип за утврдување на висина на надомест за потрошена вода и одржување на водоснабдителен систем во с. Лакавица и с. Балталија.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за утврдување на висина на надомест за потрошена вода и одржување на водоснабдителен систем во с. Лакавица и с. Балталија број 02-1688/2 од 02.10.2015 година, донесена од Управниот одбор на ЈП „Исар“-Штип на седницата одржана на 02 октомври 2015 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-9965/1 Совет на Општина Штип
26 ноември 2015 година Претседател
Ш т и п Влатко Миташев, с. р.

569.

Врз основа на член 19 од Статутот на ЈП „Исар“-Штип и Барање број 02-1688 од 24.09.2014 година, Управниот одбор на седницата одржана на 02.10.2015 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТ ЗА ПОТРОШЕНА ВОДА
И ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ ВО
С. ЛАКАВИЦА И С. БАЛТАЛИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот за потрошена вода во согласност со Методологијата за утврдување на цената на водата за пиење и одведување на урбани отпадни води и условите за превземањење на водоснабдителниот систем во с. Лакавица и с. Балталија.

Член 2

Цената на потрошената вода за корисниците во с. Лакавица и с. Балталија ќе изнесува 60ден/м$^3$ за домаќинства и 95,50 ден/м$^3$ за правни субјекти.

Член 3

Задолжително сите корисници во моментот на примопредавањето треба да имаат исправни водомери, а водомерите ќе ги набави ЈП Исар-Штип на трошок на корисниците.

Да се изместат постојните непристапни водомери кои се наоѓаат во објектите на корисниците на видно и пристапно место.

Член 4

ЈП Исар-Штип ќе постави контролен водомер и секоја разлика во количината на водата ќе се распредели на секое семејство подеднакво.

Член 5

Да се склучат Договори за водоснабдување во кој договор ќе стои дека разликата на количините од контролниот водомер и поединичните водомери на корисниците ќе биде расшределена на секој корисник подеднакво.

Член 6

ЈП Исар-Штип нема да има обврска да финансира во нови бунарски системи и водоводни линии,туку само да го одржува постојниот водоснабдителен систем

Член 7

Пред превземањето на водоснабдителниот систем да се направи записник за техничко примопредавање на системот со сите забелешки за фактичката состојба, истиот треба да биде потпишан и заверен од двете страни,односно од МЗ Лакавица и ЈП Исар-Штип.

Член 8

Одлуката стапува на сила во моментот на донесувањето,а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Општина Штип.

Број 02-1688/2
2 октомври 2015 година
Ш т и п

Управен одбор на ЈП „Исар“-Штип
Претседател
Соња Тулиева, с. р.

570.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП
ВО ПРОЕКТОТ „ПАРКОТ НА МАКФЕСТ“

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во проектот „Паркот на Макфест“.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-9966/2
1 декември 2015 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

571.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 ноември 2015 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО ПРОЕКТОТ „ПАРКОТ НА МАКФЕСТ“

Член 1

Општина Штип со Центарот за развој на Источен плански регион Штип, ќе учествува во проектот „Паркот на Макфест“ со сопствено кофинансирање во износ од 10,5% од вкупната вредност на проектот.

Член 2

Проектот „Паркот на Макфест“ ќе биде аплициран до Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, од страна на Центарот за развој на Источен плански регион-Штип во партнерство со Општина Штип, за добивање на средства од програмата за рамномерен регионален развој за 2016 година за проекти за развој на планските региони.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2016 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-9966/1
26 ноември 2015 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Влатко Миташев, с. р.

572.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-9967/2
1 декември 2015 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

573.

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 48 став 2 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 ноември 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ШТИП

## I. **Општи одредби**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Штип, видовите на организационите облици, условите за нивно образување и раководењето со нив.

Член 2

(1) Општинската администрација на Општина Штип (во натамошниот текст: општинска администрација) ги извршува работите од надлежност на ораните на општината односно советот и градоначалникот на општината.

(2) Општинската администрација:

- врши стручни работи за советот и градоначалникот на општината;
- ја следи проблематиката во областите од надлежност на општината, врши анализа на состојбите и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на општината на барање на надлежните органи или врз основа на закон и
- врши други работи што ќе ги определи советот и градоначалникот.

(3) Општинската администрација ги извршува работите од надлежност на органите на општината во согласност со Уставот и со закон, со Статутот на општината и со други прописи и општи акти донесени врз основа на закон.

Член 3

Врз основа на надлежностите на општината утврдени со закон, како и групирањето на работите и задачите според видот, обемот, сложеноста, нивната меѓусебна сродност и поврзаност, општинската администрација се организира во сектори и одделенија.

Член 4

Сектор се формира заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на органите на општината, како и заради координирање и контрола на работите од надлежност на одделенијата во неговиот состав и следење и унапредување на меѓусебната соработка на одделенијата.

(2) Одделение се формира заради непосредно извршување на една од следните работи: нормативно-правни, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-надзорни, урбанистичко планирање, уредување на просторот, уредување на градежно земјиште, геодетски работи заштита на животна средина, сообраќајна инфраструктура, образование и јавни дејности, локален економски развој, инспекциски, информативно-документациони, информативно-комуникациски, стручно-оперативни, материјално-финансиски, инвестициони, информатичко-технолошки, стручно-административни и други работи.

## II. Организација на општинската администрација

Член 5

Општинската администрација на Општина Штип се организира во следните сектори, одделенија и ТППЕ.

1. Сектор за правно нормативни работи, јавни набавки, информирање и услуги, информатички и општи работи
- Одделение за правно нормативни работи и поддршка на советот
- Одделение за јавни набавки
- Одделение за услуги и информирање на граѓаните
- Одделение за информатички работи
- Одделение за општи работи

2. Сектор за финансиски прашања
- Одделение за буџетска координација
- Одделение за буџетска контрола
- Одделение за сметководство и плаќање
- Одделение за администрирање на приходи

3. Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина
- Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина
- Одделение за уредување на градежно земјиште, регулација и геодетски работи
- Одделение за комунални дејности

4. Сектор за јавни служби, образование и локален економски развој
- Одделение за јавни служби
- Одделение за образование
- Одделение за локален економски развој
5. Сектор за инспекциски работи
- Одделение за урбанистички, градежен надзор и надзор над сообраќај и патишта
- Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината

6. Одделение за поддршка на градоначалникот
7. Одделение за внатрешна ревизија
8. Одделение за управување со човечки ресурси
9. Територијална противпожарна единица

Член 6

Составен дел на оваа Одлука е графички приказ - органограм.

III. **Делокруг и начин на извршување на задачите**

Член 7

**Секторот за правно нормативни работи, јавни набавки, информирање и услуги, информатички и општи работи** ги врши следните работи:

- подготвува акти за советот и градоначалникот;
- ги подготвува седниците на советот и седниците на неговите комисии и други работни тела;
- врши стручни работи за советот и градоначалникот;
- спроведува постапки по јавни набавки;
- ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање на Државниот архив на Република Македонија;
- врши информатичко-технички работи;
- се грижи за техничко и функционално одржување на административните простории.

Член 8

**Одделението за правно нормативни работи и поддршка на советот** ги врши следните работи:

- подготвува акти за советот;
- ги подготвува седниците на советот и седниците на неговите комисии и други работни тела и учествува во нивната работа;
- врши стручни работи за советот;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на советот, комисиите и другите работни тела врз основа на закон;
- изготвува акти за потребите на органите на општината;
- ја застапува општината пред судовите, другите државни органи и правни лица;
- врши компјутерска обработка на материјалите за седниците на советот, комисиите и другите работни тела на Советот на општината;
- врши и други работи што ќе бидат ставени во негова надлежност.

Член 9

**Одделението за јавни набавки** ги врши следните работи:

- ги распоредува работите и задачите на вработените во одделението;
- пренесува инструкции и ги спроведува дадените насоки и дава упатства за извршување на работите и задачите;
- учествува во одлучувањето за спроведување на конкретни одлуки за работите што се вршат во одделението по претходни инструкции од повисоко ниво и дава препораки за нивна имплементација;
- ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и јавните набавки и се грижи за нивната примена;
- одговорен е за подготовката на годишниот план за јавни набавки во законски утврдениот рок;
- се грижи за подготовката на одлуките за потреба од јавните набавки;

- за водењето на регистарот на постапките за јавни набавки и за доставување на податоците до Бирото за јавни набавки;
- ја остварува комуникацијата и се грижи за организацијата на стручната и техничка помош за Комисијата за јавни набавки;
- врши други работи што ќе му ги довери раководителот на секторот.

Член 10

**Одделението за услуги и информирање на граѓаните** ги врши следните работи:

- прием на сите граѓани кои бараат услуга или информација од надлежностите на општината;
- директно-усно информирање или упатување на граѓаните на соодветното место за неговото барање;
- помагање на граѓаните во пополнување на барањата за соодветната услуга или информација;
- евидентирање/архивирање на барањето во соработка со архивата;
- следење на текот на извршување на предметите кои се предадени на извршување во задна канцеларија и информирање на граѓаните за текот и рокот кога ќе ја добие услугата или информацијата;
- соработка со одделенијата во општинската администрација, за ефикасно и навремено услужување и информирање на граѓаните, преку постојана комуни-кација на вработените во општинскиот центар за услуги на граѓаните;
- учествува во решавањето на прашањата на припадниците на заедницата;
- врши и други работи што ќе бидат ставени во негова надлежност.

Член 11

**Одделението за информатички работи** ги врши следните работи:

- одржување на оперативниот систем, системот на управување со базите на податоци и апликативниот софтвер;
- спроведува мерки за безбедност и заштита на информативниот систем во општината;
- спроведува постапка за заштита на преносот на податоците;
- врши поврзување на нови корисници на компјутерско-комуникациска мрежа;
- инсталира, проверува и одржува опрема;
- обезбедува резервни делови и техничка документација;
- изготвува документација за базите на податоци;
- врши надзор и одржување на базите на податоци;
- спроведува постапка за заштита и реконструкција на базите на податоци;
- дава помош на корисниците на информативниот систем во работата со базите на податоци;
- врши и други работи што ќе бидат ставени во негова надлежност.

Член 12

**Одделението за општи работи** ги врши следните работи:
- ракува со документите на општината и ги чува се до нивно уништување, односно предавање на Државниот архив на Република Македонија;
- врши прием на пошта и други писмени материјали, води деловодник поединечно за секторите во електронска и печатена форма;
- врши набавка на потрошен материјал и ситен инвентар;
- ги врши стручно-административно-техничките работи на органите на обликот на месна самоуправа и справување со кризи;
- изготвува процена на загрозеност;
- изготвува годишна акциона програма за заштита и спасување;
- изготвува локален план за заштита и спасување;
- предлага мерки за заштита и спасување;
- ги спроведува мерките за заштита и спасување во останатите институции кои се во надлежност на локалната самоуправа;
- ги спроведува законските нормативи од областа на заштита и спасување и справување со кризи;
- врши едукација на граѓаните за заштита и спасување и справување со кризи;
- ги спроведува законските нормативи од областа на заштитата, спасувањето и справувањето со кризи;
- врши припрема, сортирање, умножување и копирање на материјалите за седници на советот и комисиите на Советот на општината;
- се грижи за техничкото и функционално одржување на зградата на локалната самоуправа;
- врши достава на сите писмени материјали до членовите на советот и другите правни и физички лица;
- врши одржување и сервисирање на возниот парк;
- врши и други работи што ќе бидат ставени во негова надлежност.

Член 13

**Секторот за финансиски прашања** ги врши работите поврзани со:
- следење и примена на законите и подзаконските акти од областа на буџетското и материјално-финансиското работење;
- управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средствата на општината утврдени со буџетот;
- подготвување, извршување и известување за извршувањето на буџетот на општината;
- подготовка на стратешкиот план на општината;
- измена и дополнување на буџетот и стратешкиот план на општината;
- контрола на подготовката и извршувањето на буџетот;
- спроведува ex-ante и ex-post финансиска контрола;

- изготвување на финансиски план за извршување на буџетот (месечен, квартален и годишен) на општината, органите во состав и единките корисници на буџетот на општината;
- следење на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците на општината;
- сметководствено евидентирање за извршувањето на буџетот и подготвување на годишна сметка;
- подготовка за годишен финансиски извештај согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација;
- пресметувањето и исплатата на платите на вработените во општината;
- утврдувањето и наплатата на даноците, таксите и надоместоците што се приходи на општината;
- други работи врз основа на Законот за буџетите, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот за даноците на имот, Законот за комунални такси и другите закони и прописи со кои се уредуваат изворите на приходи на општината;
- врши и други работи од областа на финансиското управување и контрола.

Член 14

**Одделението за буџетска координација** ги врши следните работи:

- подготовка на буџетот на општината и негова измена и дополнување;
- подготовка на стратешкиот план на општината и негова измена и дополнување;
- следење на извршувањето на буџетот на општината;
- изготвување на информации и извештаи за извршувањето на буџетот;
- следење и примена на законската регулатива од областа на буџетското работење;
- изготвување на годишни, квартални и месечни финансиски планови за буџетот на општината и неговите органи во состав и единки на корисници согласно законските прописи;
- дава мислење по предлог на актите што ги изготвуваат другите организациони единици во општината и предлог актите на другите субјекти кои имаат или можат да имаат финансиски импликации за буџетот на општината;
- подготовка на извештај на реализирани програми, проекти и договори, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- подготовка на извештај за активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- следење и примена на законската регулатива (закони, подзаконски акти, прописи, стандарди, упатства) од областа на финансиската контрола;

- подготовка на записници и извештаи за извршените контроли;
- вршење на проценки на ризик на процесите на финансиското управување и контрола;
- вршење на самопроценки на одделни процеси на системот на финансиското управување и контрола, врз основа на извршена проценка на ризик и подготовка на извештај за спроведените самопроцени, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- математичка, формална и контрола на регуларноста на сметководствената документација пред да се изврши плаќањето врз основа на изготвени листи за проверки;
- целокупна контрола на сметководствената документација после извршувањето на плаќањето;
- вршење проверка на исправноста на фактурите доставени врз основа на склучени договори за набавка и нивна усогласеност со испратниците/работните налози и порачките;
- контрола на налозите за порачки до соодветните добавувачи согласно со склучените договори за набавки и следење на реализацијата на порачките.

Член 15

**Одделението за буџетска контрола** ги врши следните работи:

- следење и примена на законската регулатива од областа на финансиската контрола;
- подготовка на извештај за активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола;
- врши проценка на ризик на процесите на финансиското управување и контрола;
- го следи целосното и навремено прибирање на приходите;
- го следи навременото плаќање на расходите во согласност со процедурите за преземање на обврска и извршување на плаќања;

Член 16

**Одделението за сметководство и плаќање** ги врши следните работи:

- следење и примена на законската регулатива од областа на сметководствено, материјално и финансиско работење;
- секојдневно водење на благајнички работи и трезор;
- пресметка и исплата на платите на вработените;
- подготвување на завршна сметка и периодични извештаи за извршувањето на буџетот на општината;
- подготовка на основните финансиски извештаи (биланс на состојба, биланс на приходите и расходите, консолидиран биланс на капиталниот имот, биланс на задолжување и белешки/образложение кон финансиските извештаи;

- сметководствено евидентирање на достасаните обврски и основните средства на општината;
- исплата по сметководствена документација;
- подготовка на извештај за планирани и потрошени средства по ставки (споредбен табеларен приказ) согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
- изготвува упатства и прирачници за буџетска контрола и финансиско управување во консултација со единицата за внатрешна ревизија и
- подготвува решенија за внатрешна распределба на вкупниот одобрен буџет.

Член 17

**Одделението за администрирање на приходи** ги врши следните работи:

- утврдување на даноците, таксите и надоместоците кои се приход на општината;
- утврдување наплатата на данок на подарок и наследство на имот;
- утврдување на пазарна вредност на недвижностите во општината;
- водење регистар на недвижен имот;
- изготвување решенија за даночно ослободување;
- други работи врз основа на Законот за данок на имот, Законот за комунални такси и надоместоци и другите закони и прописи со кои се уредуваат изворите на приходи на општината.

Член 18

**Секторот за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина** ги врши следните работи:

- просторно и урбанистичко планирање, издавање на одобренија за градење (за градби од трета, четврта и петта категорија) на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште;
- заштита на животната средина, мерки за заштита и спасување на загадувањето на водата, воздухот и земјиштето;
- следење на комунално станбената дејност утврдена со закон;
- други работи кои ќе му бидат ставени во надлежност со акт на советот и градоначалникот.

Член 19

**Одделението за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина** ги врши следните работи:

- уредување на просторот;
- спроведување на планската документација;
- стручно следење на степенот на реализација на урбанистичките планови и покренување иницијативи за нивно изменување и дополнување;

- ги следи и планира потребите за домување на подрачјето на Општина Штип, согласно Законот за домување;
- предлага годишна програма и превзема мерки и активности за нејзина реализација, во согласност на Законот за домување;
- донесува мерки за спречување од загадување на животната средина и просторот;
- води постапка за издавање на интегрирани дозволи и спроведување на законите од областа на животната средина;
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност.

Член 20

**Одделението за уредување на градежно земјиште, регулација и геодетски работи** ги врши следните работи:

- изготвува годишни програми за уредување на градежно земјиште;
- припрема податоци за тендерска документација за уредување на градежното земјиште;
- контрола на градежните работи при уредувањето на земјиштето;
- ја води постапката за обезбедување на потребните согласности и одобренија за уредување на градежното земјиште;
- ги врши подготвителните работи за изработка на проекти за уредување на градежното земјиште;
- ги води работите околу испитување на градежното земјиште од геолошки и технички аспект;
- се грижи за реализацијата на програмата за уредување на градежното земјиште;
- пресметка за наплата на комуналниот надоместок за градба на објекти;
- изготвува Програма за располагање со градежно земјиште;
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност.

Член 21

**Одделението за комунални дејности** ги следи состојбите што се однесуваат на:

- снабдување со вода за пиење;
- одведување на отпадните и атмосферските води;
- одржување на јавната чистота;
- уредување, одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми, водени и рекреативни површини;
- одржување на гробишта и давање на погребни услуги;
- одржување на јавното осветлување;
- вршење на оџачарски услуги;
- одржување на користење на пазари;
- одржување на уличната сообраќајна сигнализација и други сообраќајни инфраструктурни објекти;
- одржување и користење на јавниот простор за паркирање;

- отстранување и чување на непрописно паркирани возила;
- јавен градски, приградски и авто-такси превоз;
- дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
- одржување на јавни санитарни јазли;
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени во негова надлежност.

Член 22

**Секторот за јавни служби и локален економски развој** ги врши следните работи:

- ги следи законските и подзаконски акти од надлежната област и истите ги применува;
- изготвување на одлуки и други општи и конкретни акти од надлежност на советот и градоначалникот, од областа на економскиот развој, трговијата, занаетчиството, туризмот и угостителството;
- изготвува планови за локален економски развој;
- иницира утврдување на развојни и структурни приоритети, како и основи и мерки за водење на локална економска политика на општината;
- иницира и развива регионална и меѓугранична соработка;
- учествува во координирање и водење на меѓународни проекти;
- овозможува услови за подршка на развојот на малите и средните претпријатија, претприемништвото, земјоделството и агроберзата;
- го следи извршувањето на плановите и предлага мерки за нивно остварување;
- обезбедува документациона база на податоци за потребите на планирањето и програмирање на економскиот развој;
- изработка на бази на податоци за потребите на општината;
- ги следи активностите на невладините организации и иницира и координира соработка со нив;
- води евиденција, регистар, примање и обработување на пријави и обрасци предвидени со закон;
- ги следи прописите и нивните измени и дополнувања;
- врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нејзино подобрување;
- врши и други работи што ќе бидат ставени во негова надлежност со акт на советот или градоначалникот на општината.

Член 23

**Одделението за јавни служби** ги врши следните работи:

- ги следи законските и подзаконски акти од надлежната област и истите ги применува;
- изготвува општи и поединечни акти од надлежност на Советот на општината и градоначалникот од областа на културата, спортот, социјалната, детската и здравствената заштита согласно закон;

- институционална и финансиска подршка на културните институции, негување на фолклорот, обичаите старите занаети и слични културни вредности;
- организирањето на културни манифестации, потикнување на културното творештво;
- развој на масовен спорт, рекреација и студентски спорт;
- организирање на спортски приредби и манифестации; подршка на систем на натпревари, училишен и студентски спорт;
- реализира активности од областа на здравственото воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; надзор над заразните болести;
- реализира активности од областа на социјалната заштита и заштитата на деца;

врши и други работи што ќе бидат ставени во негова надлежност со акт на советот или градоначалникот на општината.

Член 24

**Одделението за образование** ги врши следните работи:

- континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на основното и средното образование;
- подготвува предлози за распределба на средства на основните и средните училишта добиени од наменските дотации за тековно одржување и од блок дотациите;
- следи и врши проценка на материјално-техничките улови на основните и средните училишта на подрачјето на општината и подготвува Програма за одржување, реконструкција и изградба на истите;
- подготвува предлог што се доставува до надлежното министерство за запишување ученици во средните училишта во надлежност на општината;
- по барање на надлежното министерство, подготвува предлог за давање согласност од советот на општината за формирање паралелки со помал број ученици во средните училишта во надлежност на општината;
- подготвува предлог за прекин на воспитно-образовната работа во вонредни состојби;
- дава мислење и го подготвува предлогот за усвојување за годишната програма за работа и извештајот за реализација на годишната програма, како и за годишниот финансиски план и годишната сметка на основните и средните училишта на подрачјето на општината;
- подготвува одлука за отворање оглас за директор на основно или средно училиште и врши работи поврзани со спроведувањето на постапката за избор на директор на истите;
- предлага мерки и активности за поддршка на иницијативите за модернизација на училиштата, за подобрување на функционалните аспекти на училишните згради и нивото на опременост;

- изготвува предлог-одлуки и други прописи, програми и други акти од областа на образованието;

Член 25

**Одделението за локален економски развој** ги врши следните работи:
- изготвување планови за локален економски развој;
- ги следи законските и подзаконски акти од областа на трговијата, занаетчиството, туризам и угостителство и истите ги применува;
- иницира утврдување на развојни и структурни приоритети, како и основи и мерки за водење на локална економска политика на општината;
- овозможува услови за подршка на развојот на малите и средните претпријатија,
- го следи извршувањето на плановите и предлага мерки за нивно остварување;
- изготвување планови за регионална и меѓугранична соработка;
- иницира и развива регионална, меѓугранична и меѓународна соработка;
- учествува во координирање и водење на меѓународни проекти;
- изготвување на одлуки и други општи и конкретни акти од надлежност на советот и градоначалникот, од областа на меѓународната соработка;
- изработка на бази на податоци за потребите на општината;
- изготвување планови за локален рурален развој;
- овозможува услови за подршка на претприемништвото во земјоделието, сточарството, шумарството, водоснабдување и развој на локална агроберза;
- ги следи активностите на невладините организации и иницира и координира соработка со нив;
- врши и други работи што ќе бидат ставени во негова надлежност со акт на советот или градоначалникот на општината.

Член 26

**Секторот за инспекциски работи** ги врши следните работи:
- инспекциски надзор од областа на примената на Законот за градење, Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за домување;
- инспекциски надзор врз примената на Законот за јавни патишта, Законот за превоз во патниот сообраќај и други прописи што ја регулираат оваа област;
- инспекциски надзор согласно законската регулатива од областа на заштитата на животната средина и природата квалитетот на амбиентот на воздухот, просторното планирање и прописите што ја регулираат оваа област;
- инспекциски надзор во образованието и јавните дејности;
- врши и друг вид на надзор од надлежност на општината.

Член 27

**Одделението за урбанистички, градежен надзор и надзор над сообраќај и патишта** ги врши следните работи:

- инспекциски надзор од областа на примената на Законот за градење во делот на надлежноста на општината;
- инспекциски надзор над градби од трета, четврта и петта категорија утврдени со закон;
- овластениот градежен инспектор е службено лице кој е самостоен во вршењето на инспекцискиот надзор;
- непосреден инспекциски надзор согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и други прописи кои ја регулираат оваа област, а се од надлежност на општината;
- подготвува акти и други материјали, предлози до градоначалникот и Советот на општината;
- увид во документацијата од постапката за донесување на урбанистички планови;
- увид за начинот на чувањето на урбанистичките планови и картирани подлоги;
- надзор над спроведувањето на одлуките на советот;
- непосреден инспекциски надзор врз примената на одредбите од Законот за јавни патишта, Законот за превоз во патниот сообраќај и прописите донесени врз основа на овој закон што се однесуваат на општинскиот превоз на патници, автотакси превозот на патници и посебниот линиски превоз на патници што се врши на подрачјето на општината;
- надзор на спроведувањето на други прописи што се однесуваат на оваа област;
- води постапка, донесува решенија и поднесува пријави за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд;
- врши и други работи кои ќе му бидат доверени.

Член 28

**Одделението за друг вид на надзор од надлежност на општината** ги врши следните работи:

- инспекциски надзор во извршувањето на законите, другите прописи и општи акти во воспитно-образовните установи основани од Општина Штип;
- инспекциски надзор на утврдувањето и наплатата на даноците на имот или согласно Законот за данок на имот;
- проверка на состојбите и вредноста на недвижниот имот кој треба да биде предмет на оданочување;
- инспекциски надзор согласно законската регулатива од областа на заштитата на животната средина и природата квалитетот на амбиентот на воздухот, просторното планирање и прописите што ја регулираат оваа област;

- инспекциски надзор над угостителството-вршители на угостителска дејност од мал обем, согласно Законот за угостителска дејност;
- инспекциски надзор на туристичка дејност-вршители на туристичка дејност од мал обем, согласно Законот за туристичка дејност и Законот за вршење занаетчиска дејност;
- инспекциски надзор во област на комуналните работи утврдени со Законот за комунални дејности и други закони од оваа област;
- предлага мерки за спречување на незаконитоста во работењето на воспитно-образовните институции согласно Законот за средно образование и Законот за основно образование;
- го известува Советот на општината и градоначалникот за извршениот инспекциски надзор;
- врши други работи што ќе му бидат ставени во надлежност.

Член 29

**Одделението за поддршка на градоначалникот** ги врши следните работи:

- ги средува и чува сите писмени акти за потребите на градоначалникот;
- закажува и води потсетник за закажани состаноци и средби на градоначалникот;
- врши прием на доставените писмени материјали, ги проследува до градоначалникот и надлежните одделенија и сектори;
- ги координира и соработува со одделенијата во подготвување на јавни настапи и односи со медиумите;
- ги пренесува сите соопштенија до јавноста и медиумите по задача на градоначалникот;
- води грижа за комуникацијата на странки кај градоначалникот;
- ги организира и подготвува состаноците кај градоначалникот;
- организира протоколарни приеми, посети, средби и состаноци кај градоначалникот;
- организира одбележување на државни и општински празници, значајни настани и личности во општината;
- врши подготовка и ги организира службените патувања на градоначалникот во земјата и странство.

Член 30

**Одделението за внатрешна ревизија**:

- врши внатрешна ревизија, согласно со закон и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од општината согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Мнистерството за финансии;
- подготвува годишен план за внатрешна ревизија и по одобрувањето од градоначалникот на општината, го обезбедува неговото спроведување и следење;

- доставува извештаи за извршената внатрешна ревизија до градоначалникот и Советот на општината;
- подготвува квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија;
- врши оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на градоначалникот на општината за намалување на факторите на ризик;
- врз основа на анализи од работењето, ја утврдува и оценува економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на општинската администрација;
- ја следи и проверува точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи;
- ја утврдува и оценува усогласеноста на работењето со законите, подзаконските и актите на органите на општината.

Член 31

**Одделението за управување со човечки ресурси** ги врши следните работи:

- го спроведува организацискиот надзор на органот;
- обезбедува методолошка, организациска и техничка поддршка при изготвување на актите за организација и систематизација на работните места;
- учествува во изготвување на нацрт-правилник за работните места во општината;
- изготвува аналитички извештаи;
- планира и изведува обуки за вработените во општинската администрација;
- соработува со другите одделенија за планирањето и изведувањето на обуки;
- врши и други работи што ќе бидат ставени во негова надлежност.

Член 32

**Територијалната противпожарна единица** ги врши следните работи:

- врши едукација на кадри во ТППЕ;
- гаснење на пожари на подрачјето на општината;
- отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар;
- спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии;
- укажување техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
- извршување на други работи при несреќи и непогоди;
- врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став;

- заедно со територијалните противпожарни единици на општините во РМ утврдени со закон, дејствуваат како противпожарни единици на Република Македонија заради оперативно делување при гаснењето големи пожари на целата територија на Република Македонија;
- давање помош кога тоа е побарано при гаснење пожари во други држави;
- водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствена методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување и Општина Штип за тоа;
- периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна заштита;
- тековна поправка и одржување на механиката;
- давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи;
- едукација на граѓаните за заштита од пожари, преку организација на предавања, преку медиуми и организирање на други активности;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени.

Член 33

Општинската администрација врши и работи делегирани од органите на државната управа, во согласност со закон.

IV. **Раководење**

Член 34

Со општинската администрација раководи градоначалникот на општината.

Член 35

Со сектор раководи раководител на сектор.

Со одделение раководи раководител на одделение.

Со ТППЕ раководи командирот на ТППЕ.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, го заменува стручен државен службеник со највисоко звање во одделението, кој го определува раководителот на секторот.

Член 36

Вкупниот број на вработени и распоредот по звања и работни места го утврдува градоначалникот на општината со Правилник за систематизација на работните места на општинската администрација.

V. **Преодни и завршни одредби**

Член 37

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престануваат да важат Одлуката за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Штип број 07-8932/1 од 25.12.2014 година и Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Штип број 08-844/1 од 29.01.2015 година.

Член 38

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

Број 08-9967/1 — Совет на Општина Штип
26 ноември 2015 година — Претседател

Ш т и п — Влатко Миташев

574.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ
СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНСКАТА УСТАНОВА
ЗА КУЛТУРА ДОМ НА МЛАДИ-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Статутот на Општинската установа за култура Дом на млади-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-9968/2 — Општина Штип
1 декември 2015 година — Градоначалник

Ш т и п — прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

575.

Врз основа на член 32 став 5 од Законот за установите ( „Службен весник на РМ” број 32/05, 120/05 и 52/11) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип”број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 ноември 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ
НА ОПШТИНСКАТА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА
ДОМ НА МЛАДИ-ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Статутот на Општинската установа за култура Дом на млади-Штип.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Статутот на Општинската установа за култура Дом на млади-Штип број 0101-432 од 11.11.2015 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-9968/1
26 ноември 2015 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Влатко Миташев, с. р.

576.

Врз основа на член 36 став (1), а во врска со член 25 став (1) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ број 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 и 61/15), Управниот одбор на Општинската установа за култура “Дом на млади”-Штип, на седницата одржана на ден 11 ноември 2015 година, донесе

С Т А Т У Т
НА ОПШТИНСКАТА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА
„ДОМ НА МЛАДИ”-ШТИП

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

Член 1

(1) Со овој Статут се уредуваат називот, седиштето, правната положба, застапувањето, дејноста, работата, организацијата, раководењето, управувањето, финансирањето, информирањето и обезбедувањето јавност во работата и други прашања утврдени со овој и друг закон, што се од значење за работењето на Општинската установа за култура “Дом на млади“-Штип (во понатамошниот текст: ОУК “Дом на млади“-Штип).

**Назив и седиште**

Член 2

(1) Целосниот назив на ОУК „Дом на млади“-Штип гласи: Општинска установа за култура “Дом на млади“-Штип.

(2) Скратениот назив на Општинската установа за култура “Дом на млади“-Штип гласи: ОУК „Дом на млади“-Штип“.

(3) Седиштето на Општинската установа за култура Дом на млади“-Штип е во Штип, ул. „Партизанска” број 27.

*Основач и сукцесија*

Член 3

(1) Основач на Општинската установа за култура „Дом на млади“-Штип е Општина Штип со Одлука за преземање на основачките права од Владата на Република Македонија број 0701-599/1 од 25.03.2004 год како правен наследник на ДОМ НА МЛАДИ основан од ОСИЗ за култура од 1980 година Штип.

**Правна положба**

Член 4

(1) ОУК „Дом на млади“-Штип е општинска установа од областа на културата.

(2) ОУК „Дом на млади“-Штип има својство на правно лице, запишано во Централниот регистар на Република Македонија.

(3) ОУК „Дом на млади“- Штип располага со посебни жиро сметки:

1. Буџетска сметка за плати од буџетот
2. Општинска сметка за наменски дотации
3. Сопствена сметка за средства од сопствени извори

(4) По потреба ОУК “Дом на млади“-Штип може да отвори и други сметки.

(5) Во правниот промет со трети лица ОУК „Дом на млади“-Штип настапува во свое име и за своја сметка, а за своите обврски одговара со сите средства со кои располага и за целиот износ на обврските.

**Печат и штембил**

Член 5

(1) Во своето работење ОУК „Дом на млади“-Штип употребува печат и штембил.

(2) Печатот има форма на круг и текст испишан на кирилица. Во првиот круг – Општинска установа за култура “Дом на млади”- Штип. Во вториот круг – Република Македонија. Во средината на печатот е грбот на Република Македонија.

(3) Штембилот има форма на правоаголник. Во првиот ред - Република Македонија. Во вториот ред - Општинска установа за култура “Дом на млади”- Штип. Во третиот ред број, во четвртиот ред, година, Штип.

(4) Печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член ги чува и употребува овластено лице, задолжено за водење на архивата со решение од директорот на ОУК “Дом на млади” – Штип.

(5) Лицето од ставот (4) на овој член и директорот на ОУК “Дом на млади“- Штип се одговорни за правилното чување и употребата на печатот и штембилот од ставовите (2) и (3) на овој член.

(6) Начинот на употребата, ракувањето и чувањето на печатот и штембилот се регулира со посебен правилник.

**Застапување и претставување**

Член 6

(1) Во правниот промет со трети лица, ОУК „Дом на млади“-Штип го претставува и застапува директорот, без ограничувања.

(2) Во случај на отсутност или спреченост на директорот, додека траат причините, директорот го заменува друго лице кое го овластил.

(3) Друго лице може да го претставува и застапува ОУК „Дом на млади“- Штип само врз основа на писмено овластување (полномошно), издадено од директорот.

(4) Во случаите од ставот (3) на овој член, полномошникот е должен покрај своето име да наведе дека е полномошник и истиот го застапува и претставува ОУК „Дом на млади“-Штип во границите на даденото полномошно.

**Овластени потписници на сметките**

Член 7

(1) ОУК „Дом на млади“ - Штип е единка буџетски корисник на Буџетот на Општина Штип.

(2) Овластен потписник на Буџетската сметка на ОУК “Дом на млади“- Штип е директорот, без ограничување.

(3) Управниот одбор на ОУК “Дом на млади“-Штип може со одлука да определи втор потписник или повеќе други потписници на жиро-сметките, односно трезорските потсметки на ОУК „Дом на млади“-Штип.

(4) Во случаите од ставот (3) на овој член, Управниот одбор на ОУК „Дом на млади“-Штип со истата одлука ги утврдува начинот на потпишувањето и евентуалните ограничувања на износите до кои тие потписници можат да потпишуваат.

## II. ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА

### 1. Дејност

**Основна дејност**

Член 8

(1) Основна дејност на ОУК "Дом на млади"-Штип е програмски и функционално поттикнување и развој на културата, особено на творештвото на децата и младината, на културно-уметничкиот аматеризам и објавувањето културно-уметнички дела, како и за вршење други дејности од областа на културата, согласно со закон.

(2) Во рамките на основната дејност во ОУК „Дом на млади"-Штип се извршуваат:

a) шифра 90.01 изведувачка уметност
b) шифра 90.02 помошни дејности во изведувачката дејност
c) шифра 90.03 уметничко творештво
d) шифра 90.04 дејности на објектите за културни манифестации

(3) Проширување на дејностите и други статусни промени на ОУК „Дом на млади"-Штип може да се направат со измена на овој Статут и согласност од основачот.

**Дополнителна дејност**

Член 9

(1) Покрај основната дејност ОУК „Дом на млади"-Штип ги врши и следните дополнителни дејности:

1. Од областа на образованието - шифра 85.00 се извршуваат:
a) шифра 85.52 образование во културата
b) шифра 85.59 друго образование неспоменато на друго место

2. Од областа на издавачката дејност – шифра 58.00 се извршуваат:
a) шифра 58.11 издавање книги
b) шифра 58.14 издавање списанија и периодични публикации
c) шифра 58.19 друга издавачка дејност

3. Од областа на филмската дејност, продукција на видео и телевизиска програма и дејности на снимање на звучни записи и музичко издаваштво се извршува:
a) шифра 59.20 издавање на снимени медиуми

4. Останати дејности:
a) шифра 56.30 подготовка и послужување на пијалаци
b) шифра 68.20 издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп.

## III. Организација на работењето

### Организациона поставеност

Член 10

(1) ОУК "Дом на млади" –Штип е единствена организациона единица - посредување во културата преку музичка, ликовна, драмска, литературна дејност како и издавачка, филмска дејност и аматерски самодејности.

(2) Во организационата единица од став (1) на овој член постојат работни места, со прецизен назив, опис, услови и број на извршители.

(3) Делокругот на работа на организационата единица од став (1), работните места од став (2) на овој член, поблиску се утврдуваат со Правилник за организација на работата и Правилник за систематизација на работните места.

(4) Со правилниците од ставот (3) таксативно се утврдува обемот, организацијата и природата на работните задачи во организационата единица, како и потребниот број извршители, за нивно извршување.

(5) Вршењето на работите на вработените како давателите на услугите во ОУК „Дом на млади"-Штип се уредува во согласност со Законот за културата, а вршењето на правните, сметководствено-финансиските, административно-стручните и општите работи се организира во организационите единици согласно со прописите за административни службеници и вработените во јавниот сектор и прописите од областа на културата.

## IV. ОРГАНИ НА РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ

### 1. Орган на раководење

### Директор

Член 11

(1) Орган на раководење на ОУК „Дом на млади"-Штип е директорот.

(2) Директорот на ОУК „Дом на млади"-Штип ги врши следниве работи:

- Ја води работата на ОУК „Дом на млади"-Штип;
- Ја застапува установата и одговара за материјално-финансиското работење и за законитоста и економичноста на нејзината работа;
- Предлага годишна програма за работа на ОУК „Дом на млади"-Штип на која Управниот одбор дава предлог за усвојување ;
- Ги извршува одлуките на Управниот одбор;
- Ја организира реализацијата на Годишната програма на ОУК „Дом на млади"-Штип;
- Донесува акт за систематизација и организација на работните места;
- Донесува акти во врска со работниот однос на вработените согласно со закон;
- Формира уметнички, односно стручен совет и други советодавни тела (трајни и повремени), согласно со статутот;

- Поднесува годишен извештај за работата и финансиското работење на „Дом на млади“-Штип;
- Донесува годишен план за вработување за следната година по претходно мислење на Министерството за информатичко општество и администрација и претходна согласност од Министерството за култура;
- Формира комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплинска неуредност или дисциплински престап;
- Донесува решенија за дисциплински мерки согласно закон;
- Одобрува службени патувања во земјата и странство;
- Се грижи за правилно и навремено информирање на вработените и јавноста;
- Издава упатства и донесува наредби, решенија и други поединечни акти согласно со закон;
- Обезбедува услови за непречен пристап и вршење на управен и инспекциски надзор, ревизија и друг вид контрола на работењето на ОУК ”Дом на млади”-Штип од страна на надлежните органи; и
- Врши и други работи согласно со закон и овој статут.

Член 12

(1) За избор на директор на ОУК “Дом на млади“-Штип, согласно со Законот за културата, се објавува јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Макединија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) Директорот од став (1) на овој член се избира за време од четири години и може повторно да биде избран.

(3) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следните општи услови утврдени со Законот за културата односно лицето треба:

1) да е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција или забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование утврдено со Статутот на установата;
4) да има минимум пет години работно искуство во областа на културата;
5) да има еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
    - ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
    - ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
    - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
    - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
    - БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или,
    - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2);

6) има положено психолошки тест и тест за интегритет.

(4) За директор на ОУК "Дом на млади"-Штип, може да биде избрано лице кое покрај општите услови утврдени со закон, ги исполнува и следните посебни услови:

1. да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование од областа на општествените науки :

- Факултет за драмски уметности
- Филолошки факултет – група:
  а) Македонски јазик и јужнословенски јазици
  б) Македонска книжевност и јужнословенски книжевности
  в) Општа и компаративна книжевност
- Факултет за музичка уметност
- Факултет за ликовна уметност

2. да има минимум пет години работно искуство во областа на културни установи;

3. да достави програма за работа и развој за период од четири години на ОУК "Дом на млади"-Штип.

(5) Огласот за директор го распишува Градоначалникот на Општината, согласно со општите услови утврдени со Законот за културата и посебните услови утврдени со овој Статут.

(6) Градоначалникот на Општината го избира и разрешува директорот на ОУК "Дом на млади"-Штип, најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на претходниот директор.

(7) Директор избран од редот на вработените лица во ОУК „Дом на млади" - Штип по истекот на мандатот или при престанок на мандатот, истиот се прераспоредува на работното место кое му мирува или на друго работно место соодветно на степенот на неговата стручна подготовка.

Член 13

(1) Градоначалникот на Општината, во рок од 15 дена од денот на изборот на директорот, со директорот на општинската установа склучува менаџерски договор со кој се регулираат правата и обврските на Општината и на директорот (во натамошниот текст: менаџерскиот договор). Со склучувањето на менаџерскиот договор, директорот заснова работен однос во општинската установа на определено време, за времетраење на неговиот мандат.

(2) При склучувањето на менаџерскиот договор се има предвид видот на установата, статусот на матична установа, бројот на вработените, потребите на установата и дејноста установата.

(3) Менаџерскиот договор содржи показатели за успешност што треба да ги оствари директорот, награди за успешност во работата на установата и договорна казна за непочитување на менаџерскиот договор од страна на директорот, која ќе ја определи Градоначалникот на Општината во висина од 50 до 100 евра во денарска противвредност за период од еден до шест месеци.

(4) Со менаџерскиот договор се утврдува и висината на платата на директорот на општинската установа.

(5) Платата на директорот на општинската установа ја утврдува Градоначалникот на општината, по претходна согласност на Владата на Република Македонија, а во зависност од видот на установата, бројот на вработените, потребите на установата, сложеноста на работата и дејноста на установата, висината на платата се утврдува во коефициент од 2,4058 до 5,2154. Вредноста на коефициентот ја утврдува министерот за култура, по претходна согласност на Владата на Република Македонија.

Член 14

(1) Директорот е должен на секои шест месеци до градоначалникот на општината и до министерот за култура да доставува извештај за финансиското работење на установата и извештај за остварувањето на годишната програма за работа на установата.

(2) Доколку при проверката на извештаите од ставот (1) на овој член од страна на градоначалникот на општината или од страна на Министерството за култура се утврдат недостатоци и/или загуби во финансиското работење, односно ако се утврди дека годишната програма за работа на општинската установа не се спроведува во согласност со утврдената динамика и во рамките на утврдените средства,  директорот е должен да ги отстрани недостатоците и загубите во наредните шест месеци.

(3) Доколку и по истекот на шестте месеци директорот не ги отстрани утврдените недостатоци и во тој период повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење и во остварувањето на годишната програма за работа на општинската установа, кои се резултат на работата на директорот, Градоначалникот на Општината ќе го разреши директорот и ќе именува вршител на должноста директор.

Член 15

Директорот на ОУК „Дом на млади“-Штип може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е избран во случаи утврдени со закон.

Член 16

(1) Во случај кога не е избран директор или предвреме му престанал мандатот, Градоначалникот на Општината, именува вршител на должноста директор на  ОУК “Дом на млади“-Штип, без објавување на оглас, од редот на вработените на ОУК “Дом на млади“-Штип.

(2) Вршителот на должноста ги има сите права и обврски на директорот на ОУК “Дом на млади“-Штип.

(3) Вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор на ОУК “Дом на млади“-Штип, а најдолго за шест месеци.

(4) Градоначалникот на Општината по именувањето на должноста директор распишува конкурс за директор.

2. **Орган на управување**

**Управен одбор**

Член 17

(1) Орган на управување на ОУК „Дом на млади - Штип е Управниот одбор.

(2) Управниот одбор на ОУК „Дом на млади“ - Штип го сочинуваат 5 претставници од кои 3 именува и разрешува Советот на Општината и 2 се претставници од вработените на ОУК “Дом на млади” –Штип.

(3) Претседателот и членовите на Управниот одбор на ОУК „Дом на млади“ - Штип се именуваат за време од 4 (четири) години и може повторно да бидат именувани.

(4) На претседателот и на членовите на Управниот одбор на ОУК „Дом на млади- Штип им следува соодветен надоместок што го определува Советот на Општината.

Член 18

(1) Со работата на Управниот одбор раководи претседателот согласно Деловникот за работа на Управниот одбор.

(2) Управниот одбор работи и одлучува на седници со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(3) Членовите и претседателот се должни да присуствуваат на седниците на Управниот одбор.

Член 19

(1) Управниот одбор:

- Донесува статут;
- Ги утврдува политиката и принципите за развој и работа на ОУК „Дом на млади“-Штип;
- Дава предлог за усвојување на годишната програма на ОУК „Дом на млади“ Штип по предлог на директорот;
- Го усвојува годишниот извештај за работата на ОУК „Дом на млади“ - Штип по предлог на директорот;
- Дава согласност на актот за организација на работата и систематизација на работните места на ОУК”Дом на млади”-Штип;
- Донесува документи за финансиското работење на ОУК „Дом на млади“ - Штип, согласно со прописите за материјално и финансиско работење;
- Одлучува во втор степен за решенија што ги донесува директорот за правата и обврските на вработените од работен однос и други решенија согласно закон;
- Дава образложен предлог на градоначалникот на општината за разрешување на директорот;
- Донесува деловник за својата работа;

- Го следи остварувањето на годишната програма за работа на ОУК "Дом на млади"-Штип;
- Одлучува за втор потписник на ОУК "Дом на млади"-Штип;
- Донесува правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на интервју, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас по предлог на директорот;
- Донесува правилник за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивното бодување по предлог на директорот;
- Донесува правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги во културата согласно Законот за културата член 77-к став (2), висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалувањето на плата или распоредување на работно место на пониско ниво, по предлог на директорот;
- Донесува други акти согласно со овој Статут и со закон;
- Еднаш годишно доставува извештај за својата работа до Советот на Општината; и
- Врши други работи утврдени со закон и Статут.

Член 20

Претседателот и членовите на Управниот одбор можат да бидат разрешени пред истекот на мандатот доколку работат спротивно на закон или установата не ја остварува својата функција.

Член 21

Начинот на работата, одлучувањето, правата и должностите на Управниот одбор, како и постапката и условите за предвремено разрешување на претседателот и членовите се регулираат со Деловник за работа на Управниот одбор.

**Уметнички совет**

Член 22

(1) За разгледување на определени прашања од стручен карактер, директорот на ОУК „Дом на млади"-Штип може со решение да формира уметнички совет.

(2) Со решението од став (1) на овој член се определува составот и делокругот на работа на уметничкиот совет.

(3) Со седниците на уметничкиот совет претседава директорот на ОУК "Дом на млади"-Штип.

Член 23

(1) По потреба, директорот може да основа стручни и советодавни комисии и други работни тела.

(2) Мандатот и делокругот на членовите на комисијата трае две години.

(3) За член на Комисијата едно лице може да биде избрано повеќе пати.

(4) Комисијата за својата работа одговара пред директорот на ОУК „Дом на млади“-Штип е должна да му поднесува извештај.

## V. РАБОТНИ ОДНОСИ

Член 24

(1) На правата, обврските и другите прашања од областа на работните односи на вработените во ОКУ “Дом на млади” - Штип се применуваат одредбите од Законот за културата, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници, Законот за работни односи и колективните договори склучени во согласност со закон.

## VI. ОПШТИ АКТИ

**Други општи акти**

Член 25

(1) Одредени прашања од работењето на ОУК “Дом на млади”-Штип поблиску се уредуваат со правилници и други општи акти, во согласност со закон и овој Статут.

(2) Во смисла на став (1) на овој член, во ОУК “Дом на млади”-Штип се донесуваат особено:

1. Правилник за организација на работата и Правилник за систематизација на работните места;
2. Годишен план за вработување согласно закон;
3. Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на интервју, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас;
4. Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодување;
5. Правилник за поблиските критериуми за спроведување на оценувањето на давателите на јавни услуги во културата согласно законот за културата член 77-к став (2), висината на паричната или друг вид материјална или нематеријална награда, намалувањето на плата или распоредување на работно место на пониско ниво;
6. Правилник за заштита при работа;
7. Правилник за заштита од пожар;

8. Правилник за формирање и работење на редакцискиот одбор за издавање на стручни и научни публикации од областа на дејноста;
9. Правилник за издавачка дејност;
10. Правилник за стручно усовршување;
11. Деловник за работа на Управниот одбор;
12. Деловник за работа на Уметнички совет; и
13. Други акти кои произлегуваат од овој статут или закон.

(3) Актите на ОУК "Дом на млади"-Штип мора да бидат во согласност со Уставот, важечките законски, подзаконски прописи и овој Статут.

Член 26

(1) ОУК "Дом на млади"-Штип е должна на својата веб страница да ги објави проектите кои се реализираат во тековната година.

(2) ОУК "Дом на млади"-Штип во првиот квартал од тековната година за претходната година доставуваат извештај до Министерството за култура/ Општина за реализацијата на годишната програма, кој содржи наративен приказ за реализација на програмата, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури и конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање.

(3) ОУК "Дом на млади"-Штип а својата веб страница, во првиот квартал во тековната година за претходната година, го објавува извештајот за реализацијата на годишната програма.

Член 27

Статутот на ОУК "Дом на малди"-Штип и другите општи акти што ги донесува Управниот одбор на ОУК "Дом на млади"-Штип, се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член 28

(1) Иницијатива за донесување на нов Статут или измени и дополнување на истиот може да поднесе:

1. Најмалку една третина од вкупниот број членови на Управниот одбор на ОУК „Дом на млади"-Штип и
2. Директорот на ОУК "Дом на млади"-Штип.

(2) Иницијативата од став (1) на овој член, во писмена форма се доставува до Управниот одбор на ОУК "Дом на млади"-Штип.

(3) Управниот одбор е должен да ја разгледа иницијативата и по истата да донесе соодветна одлука.

(4) Одлуката од ставот (3) на овој член се доставува до подносителот на иницијативата.

Член 29

Измена и дополнување на Статутот и другите општи акти се врши по иста постапка, како и за нивното донесување.

Член 30

Сите општи акти што се донесуваат во ОУК “Дом на млади“-Штип се објавуваат на огласна табла, а влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

## VII. КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ, ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ОДБРАНАТА, ВОЕНА И ВОНРЕДНА СОСТОЈБА И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Класифицирани информации**

Член 31

(1) Класифицирана информација е информација која се заштитува од неовластен пристап или употреба и која се определува со степен на класификација согласно со закон.

(2) За класифицирани информации се сметаат документи и податоци кои:

- надлежен орган ги прогласил за класифицирана информација;
- како доверливи надлежен орган му ги соопштил на ОУК „Дом на млади“ -Штип;
- во врска со одбраната се означени како класифицирани информации;

(3) Класифицирана информација претставуваат и документи кои се определени со прописите, а кои Управниот одбор ги прогласил за класифицирана информација.

(4) Документите и податоците што се сметаат за класифицирана информација се должни да ги чуваат сите работници на ОУК “Дом на млади”-Штип, додека се во работен однос, и по престанувањето на работниот однос во рок од три години.

(5) Документите и податоците што претставуваат класифицирана информација не можат да се даваат на увид без одобрение на директорот на ОУК “Дом на млади“-Штип.

Член 32

(1) Класификацијата на информациите се врши според нивната содржина од овластено лице, согласно законските прописи.

(2) Информациите кои не се наменети за јавна употреба, а со чие откривање би се намалила ефикасноста на работењето на ОУК “Дом на млади”-Штип добиваат ознака „за ограничена употреба“.

Член 33

(1) Критериумите, мерките и активностите за заштита и користење на класифицираните информации се определени согласно закон и Планот за заштита на класифицираните информации за вонредни состојби.

(2) ОУК “Дом на млади”-Штип е должно да создаде услови неопходни за заштита на класифицирани информации и да преземе мерки за елиминирање

на негативните последици, ако дојде до откривање на класифицираните информации.

(3) За ефикасно и координирано извршување на правата и обврските кои се однесуваат на класифицираните информации во ОУК “Дом на млади”-Штип, се определуваат овластени лица кои треба да поседуваат безбедносен сертификат, кој им се издава за соодветен степен на класифицирана информација, согласно принципот „потребно е да се знае“.

(4) За давање на документи и податоци кои што се прогласени за класифицирани информации на трети лица, се води посебна евиденција, во која се евидентираат: името и презимето на лицето и називот на органот на кои им се соопштени податоците, односно им се дадени документите, видот на податоците, формата во која се соопштени и за каква цел и по чие барање се дадени.

(5) Евиденцијата од став (1) на овој член се смета доверлива и се чува на посебно безбедно место, во просториите на ОУК “Дом на млади”-Штип.

**Прашања поврзани со одбраната**

Член 34

(1) Класифицирана информација претставуваат податоците во документите од значење на одбраната.

(2) На документите кои претставуваат класифицирана информација, во зависност од нивното значење, во горниот десен агол им се става зборот „ОДБРАНА“, а под него им се одредува еден од следните три степени на тајност: „строго доверливо“ „доверливо“ или „интерно“.

Член 35

ОУК “Дом на млади”-Штип изготвува документи, се организира и спроведува подготовки за одбрана, заштита, спасување и управување со кризи.

Член 36

ОУК “Дом на млади”-Штип, во соработка со Општината, го врши финансирањето на подготовките за одбрана, заштита, спасување и управување со кризи.

Член 37

По барање на Министерството за одбрана на Република Македонија, ОУК “Дом на млади”-Штип е должен да врши услуги кои се од посебно значење на одбраната.

**Воена и вонредна состојба**

Член 38

(1) Во воена или вонредна состојба, ОУК “Дом на млади”-Штип, презема мерки за заштита и спасување на вработените и корисниците на услуги, кои ќе

се затекнат во просториите на установата и нејзините објекти, како и спроведување на посебни мерки за заштита на материјалните добра и документите, материјалите и податоците кои претставуваат класифицирана информација и друга тајна.

(2) Вработените се должни во случај на воени конфликти или во случај на вонредна состојба заради природни непогоди и други несреќи, да се грижат за имотот на ОУК "Дом на млади"-Штип. Задачите и обврските на вработените во вакви услови се определени согласно законот.

Член 39

Во делот на одбраната во ОУК "Дом на млади" –Штип, не се изготвуваат посебни општи акти, а директно се применуваат законските и подзаконските прописи.

**Заштита на лични податоци**

Член 40

(1) При извршувањето на работните обврски, ОУК "Дом на млади"-Штип има потреба од користење на личните податоци за вработените во ОУК "Дом на млади"-Штип и посетителите на ОУК "Дом на млади" –Штип, кои се користат согласно прописите за заштита на личните податоци.

(2) Личните податоци за вработените во ОУК "Дом на млади"-Штип се собираат, обработуваат и доставуваат на трети лица согласно со закон, заради остварување на правата и обврските од работниот однос или во врска со работниот однос.

(3) Личните податоци за надворешните лица ОУК "Дом на млади"-Штип се собираат, обработуваат, употребуваат и по потреба доставуваат до надлежни органи, со цел за заштита на сопственоста на имотот, културното наследство и другите материјални вредности кои се наоѓаат во ОУК "Дом на млади" –Штип.

Член 41

Личните податоци за вработените во ОУК "Дом на млади"-Штип и надворешните лица, може да ги собира, обработува, употребува и доставува на трети лица, само директорот на ОУК "Дом на млади"-Штип и од него овластени лица.

Член 42

Заштитата на личните податоци се врши согласно со законските и подзаконските прописи и општите акти на ОУК "Дом на млади" –Штип.

## VIII. ЕВИДЕНЦИЈА

Член 43

(1) ОУК "Дом на млади"-Штип е должен да води: деловодник, книга за пошта, книга за влезни фактури, книга за излезни фактури.

(2) ОУК "Дом на млади" –Штип може да води и друг вид евиденција и документација на предмети, во согласност со законските прописи, овој Статут и актите на ОУК "Дом на млади" –Штип.

(3) Деловодникот може да се води и во систем на АОП (компјутерски) со посебна програма во согласност со одредбите од Уредбата за канцelariско и архивско работење.

(4) Контактите со надлежните институции можат да се остваруваат освен по писмен пат и по пат на електронска пошта.

## IX. ФИНАНСИРАЊЕ

**Извори на средства**

Член 44

(1) Средствата за работа на ОУК "Дом на млади"-Штип се обезбедуваат од:

- Буџетот на Република Македонија, на начин и во постапка утврдени со Законот за културата и прописите за буџетско финансирање;
- Локалната самоуправа
- Сопствени приходи од вршење услуги од нејзина надлежност;
- Донации на меѓународни организации или други домашни и странски правни и физички лица и
- Спонзорства, подароци, завештанија и други извори утврдени со закон.

(2) Сопствените приходи во смисла на став (1) алинеја 2 на овој член се обезбедуваат од:

- Продажба на влезници;
- Приходи од услуги;
- Приходи од членарини;
- Договорни активности;
- Изнајмување на простор под закуп.

(3) Висината на цената на услугите во смисла на став (2) на овој член ги утврдува Управниот одбор на ОУК "Дом на млади" –Штип со одлука, со која се определува видот на услугата и надоместокот за нејзино извршување (ценовник).

## X. ИНФОРМИРАЊЕ

**Известување на вработените**

Член 45

(1) Известувањето на вработените во ОУК "Дом на млади"-Штип се врши на начин достапен на секој работник.

(2) Известувањето во смисла на став (1) на овој член се врши преку огласна табла и непосредно од страна на раководните работници.

(3) На огласна табла се објавуваат општите акти на ОУК "Дом на млади"-Штип, поединечните акти на Управниот одбор на ОУК "Дом на млади"-Штип и на директорот на ОУК "Дом на млади" –Штип, соопштенија и други пишани акти.

(4) Раководните работници се должни редовно да ги информираат вработените за работењето на ОУК "Дом на млади"-Штип и постигнатите резултати, за актуелните состојби и отворените прашања, претстојните активности и слично, што се од интерес на вработените.

(5) На барање, секој вработен може да оствари увид во службената документација со одобрение на директорот на ОУК "Дом на млади"-Штип, со исклучок на документите што претставуваат класифицирани информации, заштитени лични податоци или се означени со друг вид и степен на тајност согласно со закон.

**Известување на јавноста**

Член 46

(1) ОУК "Дом на млади"-Штип ја известува јавноста за своето работење преку средствата за јавно информирање и во согласност со прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер.

(2) Известувањето во смисла на став (1) на овој член се врши преку посебни соопштенија, платени огласи, написи, разговори, учество во специјални емисии на електронските медиуми и слично.

(3) Известувањето на јавноста се врши и преку една или повеќе интернет страници на установата.

(4) Одговорно лице за давање информации на јавноста е директорот на ОУК "Дом на млади"-Штип или лицето што тој ќе го овласти согласност со прописите за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## XI. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**Работно време**

Член 47

(1) Работното време на ОУК "Дом на млади"-Штип го определува Управниот Одбор на ОУК "Дом на млади"-Штип со одлука, доколку со закон не е поинаку определено.

(2) Во оправдани случаи, по потреба, Управниот Одбор на ОУК "Дом на млади"-Штип може со одлука да определи поинакво работно време за одделни објекти, проекти, програми, акции или други активности, различно од работното време определено во смисла на став (1) на овој член.

**Штрајк**

Член 48

Неопходното ниво на процесот на работа во услови на штрајк се утврдува со одлука на Управниот одбор на ОУК "Дом на млади"-Штип, во согласност со закон и колективен договор.

**Имот на установата**

Член 49

(1) Имотот на ОУК “Дом на млади”-Штип со адреса на ул. ”Партизанска” број 27, 2000 Штип, број на имотен лист 30449, КП број 7056/1, Катастарска општина Штип-5, се состои од:

- Зграда на ОУК “Дом на млади”-Штип, со површина од 522 $м^2$ и подрум со површина од 50 м2;
- Помошен објект за култура, со површина од 108 $м^2$;
- Помошен објект за култура, со површина од 17 $м^2$;
- Помошни простории (гаража, шупа, плевна), со површина од 34 $м^2$;
- Двор со површина од 3947м2,
- Други предмети и материјални добра со кои располага ОУК “Дом на млади”-Штип.

(2) За движниот и недвижниот имот на ОУК “Дом на млади”-Штип, се води книговодствена евиденција и истиот се користи во согласност со прописите за располагање и користење со ствари во државна сопственост.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Усогласување на работата**

Член 50

ОУК “Дом на млади”-Штип ќе ја усогласи својата работа со одредбите на овој Статут во рок од еден месец од неговото влегување во сила.

**Донесување на општите акти**

Член 51

(1)Правилникот за организација на работата и Правилникот за систематизација на работните места, усогласени со овој Статут, ќе се донесат во рок од еден месец од влегувањето во сила на овој Статут.

(2) Другите општи акти од член 27 став (2) на овој Статут ќе се донесат во рок од три месеци од влегувањето во сила на овој Статут.

**Престанување на постојниот статут**

Член 52

Со влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот ОУК “Дом на млади”-Штип број 0201/653 од 27.03.2006 година.

**Влегување во сила на овој Статут**

Член 53

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла ОУК “Дом на млади”-Штип, а ќе се објави веднаш по добивањето на согласност од Советот на Општината.

Број 0101-432
11 ноември 2015 година
Штип

Управен одбор
на ОУК Дом на млади-Штип
Претседател
Стојанчо Ѓоргиев, с. р.

577.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА
НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2015 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Штип за 2015 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-9969/2
1 декември 2015 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

578.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), а во врска со член 34 став 4 и 5 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 145/15 и 192/15), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 ноември 2015 година, донесе

О Д Л УК А
ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА

ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2015 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Штип за 2015 година на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата<br>Поставка и опис на потставката | Буџет | Самоф. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **Е00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 491190 Отплата на главнината од заемите на други банки | -2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 452410 Камата на кредити | -400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | -800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **G10 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | | |
| 482930 Реконструкција на други објекти | -400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 Други трансфери | -500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482940 Надзор над изградбата | -100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482910 Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други | -500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J30 ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 482930 Реконструкција на други објекти | -1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421110 Електрична енергија | -2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JDO ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | | |
| 482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати | 12.800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JDA РЕКОНСТУРКЦИЈА НА ДЕЛ НА УЛИЦА ВАРДАРСКА** | | | | | |
| 482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати | -2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JDG РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА ХРИСТИЈАН КАРПОШ** | | | | | |
| 482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати | -1.600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“ и станува составен дел на Буџетот на општината за 2015 година.

Број 08-9969/1 Совет на Општина Штип
26 ноември 2015 година Претседател
Штип Влатко Миташев, с. р.

579.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА БК „БАЛКАНЕЦ 2008“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на БК „Балканец 2008“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-9970/2 Општина Штип
1 декември 2015 година Градоначалник
Штип прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

580.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Програмата за активностите на Општина Штип од областа на спортот за 2015 година („Службен гласник на Општина Штип” број11/14) и член 3 од Правилникот за критериумите и постапка за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 11/09-пречистен текст, 09/11 и 14/13), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 ноември 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА БК „БАЛКАНЕЦ 2008”-ШТИП

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Боречки клуб „Балканец 2008“-Штип за организирање на турнир во чест на починатите и живи легенди во борење – со застапување на сите старосни категории „Трофеј на штипски боречки асови“ во износ од 20.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2015 година.

Член 3

Се задолжува организаторот од член 1 на оваа Одлука да поднесе извештај за одобрените средства до Советот на Општина Штип.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-9970/1
26 ноември 2015 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Влатко Миташев, с. р.

581.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ
ДЕЈНОСТИ ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008“АД-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на Друштво за спортски дејности ФК „Брегалница 2008“АД-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-9971/2
1 декември 2015 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

582.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Програмата за активностите на Општина Штип од областа на спортот за 2015 година („Службен гласник на Општина Штип” број 11/14) и член 3 од Правилникот за критериумите и постапка за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица („Службен гласник на Општина Штип“ број 11/09-пречистен текст, 09/11 и 14/13), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 ноември 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ
ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008“ АД-ШТИП

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Друштво за спортски дејности ФК „Брегалница 2008“ АД-Штип за исплата на тековните трошоци на клубот за 2015 година, во износ од 450.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2015 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-9971/1 Совет на Општина Штип
26 ноември 2015 година Претседател
Штип Влатко Миташев, с. р.

583.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ПЕРИОД ОД 2016 ДО 2018 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за донесување на План на програми за развој на Општина Штип за период од 2016 до 2018 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-9972/2 Општина Штип
1 декември 2015 година Градоначалник
Штип прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

584.

Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 145/15 и 192/15) и член 21 точка 4 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“

број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 ноември 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАН НА ПРОГРАМИ
ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА ПЕРИОД ОД 2016 ДО 2018 ГОДИНА

Член 1

Се донесува Планот на програми за развој на Општина Штип за период од 2016 до 2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Планот на програми за развој на Општина Штип за период од 2016 до 2018 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-9972/1
26 ноември 2015 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Влатко Миташев, с. р.

585.

**Образец В 1**

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | Комунални дејности | **Ознака на буџетска програма** | ЈД |
| **Развојна потпрограма** | Реконструкција на дел на улица Вардарска | **Ознака на развојна потпрограма** | ЈДА |
| **Лице за контакт** | Елена Арсова | **Тел. и телефакс** | 032/226-616 |
| **Функција:** | Раководител на сектор за урбанизам и комуналии | **Е-маил** | |
| **Адреса:** | Васил Главинов 4б. | | |

| | **ОПИС** |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма** (**идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма**) | Реконструирана сообраќајна патна мрежа во централното градско подрачје ; подобрени сообраќајни услови ; Зголемена пропусна мок на сообраќајот ; зголемен број на пешаци ; Подобрена безбедност на сообраќајот и безбеднос на пешаците особено на децата ученици ; Обезбедени прописни тротоари ; Изградени бетонски Потпорни зидови со метална ограда ; Поставена атмосферска и канализациона мрежа ; Поставено улично осветлување ; |
| **Планирани активности** | ;Реализација на предвидените активности; |

Општина Штип по повод меѓународниот ден на белиот стап, 15-ти октомври за програмски активности ќе го подржи Здружението за слепи лица - Штип.

**Носител:Општина Штип, Здружение за слепи лица**
**Буџет:10.000,00 денари**
**Извор:Буџет на Општина Штип**
**Рок:15 Октомври, 2016**

**4.3 *Одбележување на 3-ти декември, Меѓународниот ден на хендикепираните лица***

Со цел да се вклучи во одбележувањето на 3-ти декември меѓународниот ден на хендикепираните лица, Градоначалникот на Општина Штип

традиционално ги посетува посебните паралелки во ООУ „Ванчо Прќе“, ДСУ „Искра“ и Дневниот центар за деца со посебни потреби.

На секоја од овие институции од Буџетот на Општина Штип за 2015 година, ќе им се доделат играчки, дидактички материјали, школски прибор, ортопедски помагала, техничка стока или средства, согласно нивните потреби.

**Носител:Општина Штип, ПП во ООУ „Ванчо Прќе“, ДСУ „Искра“ и Дневниот центар за деца со посебни потреби**

**Буџет: 18.000,00 денари**

**Извор: Буџет на Општина Штип**

**Рок: 3 декември, 2016**

**4.4** ***Поддршка на Здружение на граѓани „Порака“***

Општина Штип ќе го поддржи Здружението на граѓани „Порака“ кое ќе има обврска да организира спортски или културно забавни активности за лицата со посебни потреби за одбележување на 3-ти декември, меѓународниот ден на хендикепирани лица.

**Носител: Општина Штип и Здружението на граѓани „Порака**

**Буџет: 6.000,00 денари**

**Извор: Буџет на Општина Штип**

**Рок: 3 декември, 2016**

**4.5** ***Социјализација и активирање на младите со пречки во развојот***

Во чест на денот на пролетта и денот на екологијата – 22 Март, Општина Штип ќе распише ликовен конкурс за децата со пречки во развојот, од основните и средните училишта.

Од пристигнатите ликовните творби - Трочлената комисија формирана од страна на општината ќе избере три најдобри творби од ученици од основно образование и три најдобри творби од ученици од средно образование.

На денот на пролетта ќе се организира изложба на дел од пристигнатите творби и на најдобрите творби (претходно избрани од комисијата) ќе им бидат доделени потврди за освоено место и пригодна награда.

**Носител: Општина Штип, ООУ,СОУ, ДСУ „Искра“, ОУК Дом на млади, НУЦК„Ацо Шопов‘‘**

**Буџет: 10.000,00 денари**

**Извор: Буџет на Општина Штип**

**Рок: 22 Март, 2016**

**4.6** ***Локален акционен план за лица со инвалидност 2011/2018 година.***

Советот на Општината Штип на седницата на 25 ноември 2011 година го донесе Локалниот акционен план за лица со инвалидност 2011/2018 година.

**Носител: Општина Штип**

**Буџет: 20.000,00 денари**

**Извор: Буџет на Општина Штип**
**Рок: континуирано, 2016**

**4.7** ***Бесплатен влез за децата со посебни потреби***

Општината во соработка со закупецот на градскиот базен ќе обезбеди целата летна сезона бесплатен влез за децата со посебни потреби со присуство на еден родител.

**Носители:Општина Штип, ООУ,СОУ, Градски базен-Штип, Дневен центар за деца со посебни потреби, ПП во ООУ „Ванчо Прќе", ДСУ „Искра"**
**Буџет: 50.000 денари**
**Извор:in kind на Градски базен-Штип**
**Рок: јуни-август, 2016**

**4.8** ***Подобрување на животот на лицата со инвалидитет***

***4.8.1 Изградба на пристапни рампи***

Согласно Локалниот план за лица со инвалидитет 2011-2018 година, во соработка со заедницата на инвалидски организации по одржаните состаноци на кои беа истакнати проблемите со кои се соочуваат лицата со телесен инвалидитет, Општина Штип ќе изврши мапирање на објекти кои се во надлежност на локалната самоуправа каде има потреба од изградба на пристапни рампи и ќе иницира да се започне постапка за изготвување на проект и изведба на пристапни рампи за лица со инвалидите

**Носител: Општина Штип и Заедница на инвалидски организации**
**Буџет: in kind Општина Штип**
**Извор:Буџет на Општина Штип**
**Рок: континуирано, 2016**

**4.8.2** ***Поддршка на слепите лица***

Се со цел подобрување на условите за живот, односно прилагодување на инфраструктурата за полесно движење на лицата со оштетен вид и слепи лица, Општина Штип ќе поттикне иницијатива за започнување на постапка за поставување на тактилни патеки за слепи лица.

**Носител: Општина Штип**
**Буџет: in kind Општина Штип**
**Извор:Буџет на Општина Штип**
**Рок: континуирано, 2016**

**4.9** ***Општествено вклучување на децата со посебни потреби***

За да се овозможи поголемо вклучување на децата со посебни потреби во општественото живеење, Општина Штип ќе обезбеди превоз за децата од

посебните паралелки од ООУ „Ванчо Прке‘‘ за посета на Велешко езеро и посета на зоолошката градина во Скопје.

Со оваа активност ќе се обезбедат услови за вклучување и учество во културни активности на децата со посебни потреби кои ќе бидат во склад со наставната програма кои ја следат овие ученици.

**Носител: Општина Штип и ПП во ООУ „Ванчо Прќе‘‘**
**Буџет: in kind Општина Штип**
**Извор:Буџет на Општина Штип**
**Рок: април-мај, 2016**

**4.10** ***Одбележување на 2 април Меѓународниот ден на лицата со аутизам***

По повод 2 Април Меѓународниот ден на лицата со аутизам, Општина Штип во соработка со Игротека „Џамбо‘‘ ќе организира пригодна програма од забавен карактер за децата од посебните паралелки при ООУ„Ванчо Прќе‘‘ со што ќе се анимираат децата.

**Носител: Општина Штип, ПП во ООУ„Ванчо Прќе‘‘, Игротека „Џамбо‘‘**
**Буџет: 10.000 денари**
**Извор:in kind на Игротека „Џамбо‘‘**
**Рок: 2 Април, 2016**

**4.11*Проект Практиканска работа и вработување на лица со попреченост***

Општина Штип е дел од проектот на УСАИД за практиканска работа и вработување на лица со попреченост кој се спроведува од 15 август 2012 до 14 август 2016 година во повеќе општини.

Проектот ја подржува имплементацијата на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост во општеството со подобрување на нивните вештини за вработување преку обуки и практиканска работа како и преку поддршка на лицата со попреченост да започнат сопствен бизнис или да најдат работа. Ова година се планира да се спроведат обуки за стратегии за барање работа на лицата со попреченост, обуки на тема „Методологија за успешно менторство на лицата со попреченост‘‘ и посредување при вработување.

Со проектот се очекува ќе се зголеми сензитивноста за потребите и правата на оваа маргинализирана категорија на граѓани и ќе придонесе за ограничување или отстранување на пречките заради кои се ускратува пристапот до целосно учество на лицата со попреченост во општеството.

Општина Штип за потребите на проектот обезбедува логистичка поддршка, просторен капацитет и техничка опрема.

**Носител: Општина Штип, Здружение регионален центар за лица со интелектуална попреченост „Порака наша‘‘, АВРМ Штип,**
**Буџет: in kind Општина Штип**
**Извор:Буџет на Општина Штип**
**Рок: континуирано,2016**

***5.Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост***

**5.1** ***Доделување на хуманитарна помош***

Општина Штип ќе додели хуманитарни пакети од :
*облека
*вода
*постелнина
*хигиенски пакети
*прехранбени пакети
*лекови
*покуќнина
на социјално ранливи категории и лица од руралните средини.

**Носител: Општина Штип, Бизнис заедница**
**Буџет: 240.000 денари**
**Извор:донација и спонзорства од Бизнис заедница**
**Рок: континуирано, 2016**

**5.2** ***Згрижување на бездомни лица***

Општина Штип бесплатно згрижи 15 бездомни лица во Св. Недела и за нивниот престој ги покрива трошоците за струја и обезбедува дрва.

**Носител: Општина Штип**
**Буџет: 180.000,00 денари**
**Извор:Буџет на Општина Штип**
**Рок: континуирано, 2016**

***5.3 Обележување на меѓународниот ден на Ромите 8 април***

Општината Штип ќе го одбележи меѓународниот ден на Ромите, 8 Април со што ќе се реализираат активности кои имаат за цел да се намали социјалната исклученост на овие граѓани.

**Носител: Општина Штип**
**Буџет: 30.000,00 денари**
**Извор:Буџет на Општина Штип**
**Рок: 8 Април, 2016**

***5.4 Пакетчиња за деца со посебни потреби***

Општина Штип ќе обезбеди околу 50 пакетчиња за децата со посебни потреби по повод нова година и Божиќните празници.

**Носител:Општина Штип, Бизнис заедница**
**Буџет:8.000,00 денари**
**Извор:спонзорства и донација од Бизнис заедница**

**Рок: Декември,2016**

**5.5** ***Зголемување на бројот на деца од ромска националност во образовниот процес***

Општина Штип ќе организира акции за посета на ромски семејства на деца кои не посетуваат редовна настава во основните училишта во Општина Штип. Со оваа активност се овозможува семејствата да се запознаат со правата и обврските за образовниот процес и бенифициите од него.

Со овие акции ќе се подобри редовноста и ќе се зголеми уписот на децата Роми во основното образование и ќе се овозможи децата да се интегрираат со социјалниот живот.

**Носител:Општина Штип и ООУ**

**Буџет: in kind Општина Штип**

**Извор:Буџет на Општина Штип**

**Рок: континуирано,2016**

**5.6** ***Проект ‘‘Образованието е клуч за подобра иднина на родителите и учениците Роми‘‘***

Општина Штип го има имплементирано проектот и како потреба од имплементирање на истиот и оваа година ќе се спроведува проектот Проект ‘‘Образованието е клуч за подобра иднина на родителите и учениците Роми‘‘. Со овој проект ќе се реализираат 11 работилници, во градинките со родителите, во сите основни и средни училишта и со студентите.

Со овој проект, преку работилниците и Јавната трибина ќе се подигне свеста на родителите, учениците и студентите за важноста и значењето на образованието и можностите и придобивките кои ги нудат програмите за стипендирање и поддршка за Ромската заедница.

**Носител:Општина Штип, ООУ, СОУ, родители на деца од детски градинки,Универзитет „Гоце Делчев‘‘-Штип**

**Буџет: in kind Општина Штип**

**Извор:Буџет на Општина Штип**

**Рок: октомври-мај, 2016**

**5.7*Помагање на социјално ранливи категории во остварување на своите права***

Лицата од социјално ранливите категории кои немаат информации за остварување на основите човекови права, Општина Штип преку лицата кои работат во Одделението за односи со припадниците на заедниците ги информираат за видовите и постапките за остварување на нивните права и извршуваат техничко административни работи се со цел за остварување на одредено право.

**Носител:Општина Штип**

**Буџет: in kind Општина Штип**

**Извор:Буџет на Општина Штип**

**Рок: континуирано, 2016**

**5.8** ***Намалување на бројот на лица кои питачат***

Иницирање на постојано тело кое ќе ги вклучи сите институции кои имаат ингиренции и надлежност за постапување и решавање на проблемот со питачењето во Општина Штип. Телото ќе има за задача да изготви план за акција кој ќе ги планира сите мерки и активности кои се неопходни во постапката за вклучување и интегрирање на децата во воспитно образовниот процес и обезбедување на социјални права на возрасните лица. Со цел вклучување на социјално исклучените граѓани во Општина Штип бидат вклучени во општественото живеење.

**Носител:Општина Штип, ЦСР, МВР Штип**
**Буџет: in kind Општина Штип**
**Извор:Буџет на Општина Штип**
**Рок: континуирано,2016**

**5.9** ***Поддршка на ромски информативен центар***

Општина Штип секоја година го подржува Ромскиот информативен центар со што му обезбеди простор за непречено одвивање на работните активности. Ромски информативен центар граѓаните ги информира за активните мерки за вработување, здравствена заштита, социјални права, домување и образование.

**Носител:Општина Штип**
**Буџет: in kind Општина Штип**
**Извор:Буџет на Општина Штип**
**Рок: континуирано,2016**

***5.10 Проект „Отворени денови за социјална заштита во рурални средини‘‘***

Проектот „Отворени денови за социјална заштита во рурални средини‘‘има за цел да се обезбеди информирање на жителите од руралните средини за правата и услугите од социјална заштита со што се овозможи рано откривање и ран третман на граѓаните изложени на социјален ризик и ублажување на штетните последици, како и поголема достапност на социјалната работа и социјалните услуги во социјалната заедница.

Проектот опфаќа посета на неколку населени места еднаш неделно и остварување на средби со локалното население кое има потреба од социјална заштита.

Општина Штип во соработка со Центарот за социјални работи –Штип ќе посетат неколку руралните средини каде ќе се организираат средби со жителите. Обврска на општината е да ги организира средбите и да се обезбеди возило за реализација на средбите.

**Носител:Општина Штип, ЦСР, МТСП**
**Буџет: in kind Општина Штип**
**Извор:Буџет на Општина Штип**
**Рок: континуирано,2016**

**5.11** ***Проект „Се грижиме за топол дом"***

Целта на проектот „Се грижиме за топол дом" е активно вклучување на сите граѓани преку нивна донација од покуќнина, мебел бела техника, електрични апарати, апарати за домаќинство, опрема за деца и друго заради задоволување на потребите на лицата на кои им е најпотребна помошта, односно би се намалил социјалниот ризик од социјално исклучување на граѓаните. МТСП е носител на акцијата а Општина Штип, Центарот за социјални работи и Црвен крст се партнери.

Граѓаните се јавуваат во кол центарот 15 505 или во Центарот за социјални работи каде ќе се донираа определена ствар или пријавуваат потреба од донација на одредена ствар.

Од страна на општината ќе биде обезбеден превоз (транспорт) и работници за пренесување на стварите од местото на донација до местото каде е потребна донацијата.

**Носители:Општина Штип, МТСП,ЦСР, Црвен крст-Штип**
**Буџет: in kind Општина Штип**
**Извор:Буџет на Општина Штип**
**Рок: Континуирано, 2016**

***5.12 Програма „Општинско корисна работа"***

Програма Општинско корисна работа од УНДП –
-Создавање услови за одржлив работен ангажман на социјално ранливи категории и долгорочно невработени лица на подрачјето на Општина Штип.
-Стекнување на работно искуство, професионални вештини и знаења на ангажираните лица за конкурентен пристап на пазарот на трудот.
- Социјална вклученост на инвалидизирани лица од различни категории како корисници на услуги од предлог проектот.

Основна цел е обезбедување на помош и поддршка на лица кои поради инвалидитет не се во состојба да се грижат за себе и не можат самостојно да ги задоволат своите животни потреби.

**Носители:Општина Штип, УНДП**
**Буџет: 372.000,00 Буџет на УНДП, in kind Општина Штип**
**Извор:Буџет на УНДП и Буџет на Општина Штип**
**Рок: Февруари-Декември, 2016**

**5.13** ***„И јас сум хуман"***

Општина Штип во соработка со основните училишта по повод 17 Октомври Светскиот ден на сиромаштија ќе организира хуманитарна акција во собирање на школски прибор каде истиот ќе биде наменет за децата од социјално ранливите семејства кои наредната година тргнуваат како првачиња.

**Носители:Општина Штип, ООУ,**
**Буџет: in kind Општина Штип**
**Извор:Буџет на Општина Штип**

**Рок: 17 октомври, 2016**

**5.14 Згрижување на социјално ранливи категории**

Со поплавите кои се случија во 2013 година,12 Ромски семејства кои беа згрижени во Стара Кланица ги изгубија своите живеалишта како и други семејства кои живеат во супстандардни услови и бездомни лица.

Општината во старото нервно одделение згрижи вкупно 45 семејства односно го обезбеди престојот за нив, а по иницијатива на општината Министерството за труд и социјална политика ги покрива трошоците за струја. Општина Штип во соработка со Црвен Крст Штип, Здравствен дом „Панче Караѓозов‘‘, Бизнис заедница ќе обезбеди хуманитарни пакети.

**Носител:Општина Штип, МТСП, Црвен Крст Штип, Бизнис заедница, Здравствен дом „Панче Караѓозов‘‘**
**Буџет: in kind Општина Штип**
**Извор:Буџет на Општина Штип**
**Рок: континуирано, 2016**

**5.15 *Подобрување на квалитетот на живеење на маргинализираните групи***

По повод Бадник, Градоначалникот на Општина Штип и претставници од општинската администрација ќе ги посетат бездомните лица кои веќе неколку години се згрижени во Св. Недела и ќе организира заедничка вечера и меѓусебно дружење. Со оваа активност ќе се овозможи подобрување на начинот на живот и психосоцијална поддршка се со цел да се намали осаменоста на лицата.

**Носител:Општина Штип,Бизнис заедница**
**Буџет: 7.000,00 денари**
**Извор: спонзорства и донација од Бизнис заедница**
**Рок: 6 Јануари, 2016**

***6.Трговија со луѓе, семејно насилство и педофилија***

Превенција на појавата на трговија со луѓе преку воспитно образовниот процес и подигање на јавната свест за трговија со луѓе како кршење и злоупотреба на човековите права и слободи на жртвите. Оваа цел ќе се постигне преку јакнење на соработката со здруженијата на граѓани, образовните институции, Локалната самоуправа и други институции, кои работат со жртви на трговија со луѓе за превенција на појавата. Информирањето на младите за препознавање на облиците на трговија со луѓе и навремено откривање ќе се постигне преку едукативно-информативни филмови (основно, средно училиште, совет на родители, стручните служби во училиштата), Организирање на обуки за облици на трговија на луѓе за наставниот кадар, стручните служби и Совет на родители во основните и средните училишта. Стручните лица во областа, ќе се појават на локалните медиуми, за да се подигне јавната свест за трговија со луѓе како кршење и злоупотреба на човековите права и слободи на жртвите.

Во областа на семејното насилство, се планира превенција на појавата на семејно насилство преку воспитно образовниот процес и подигање на свеста кај општата популација за законската регулатива на семејното насилство со осврт на психолошко и сексуално насилство, информираност за заштитата која се обезбедува во рамките на кривично правниот систем. Ова ќе се постигне преку: детектирање на семејното насилство во семејствата на основците и средношколците од страна на стручните служби, информирање на младите (градинки , основно, средно и студенти и совет на родители, стручните служби во училиштата) за облици на насилство во односите родител-дете, меѓу деца и меѓупартнерско однесување, и негово навремено откривање, организирање на обуки за сензибилизација на стручните кадри во градинки, основно, средно и совет на родители, училиштата) за облици на насилство и негово навремено откривање, вклучување на содржини за превенција од секаков вид на насилство во годишните програми за работа на училиштата и советите на родители во истите.

*Активностите кои се во рамки на овој програмски дел ќе се реализираат во координација со ЛАП за еднакви можност каде истите се дефинирани.

**Носители: Одделени за јавни служби-Општина Штип, КЕМ, Координатор за еднакви можности, ЦСР, МВР Штип, Развојно советувалиште при ЈЗО ,,Здравствен дом"-Штип, Основен суд Штип и здруженија на граѓани;**
**Буџет: in kind Општина Штип;**
**Извор: Општина Штип;**
**Рок: Континуирано, 2016**

***7.Унапредување на здравјето на населението***

***7.1 Зголемување на бројот на не вакцинирани деца***

Општина Штип во соработка со патронажната служба при ПЗУ Здравствен дом Панче Караѓозов и ромските здравствени медијатори ќе организира акции за вакцинација на деца од ромска националност до 18 години. Преку овие акции ќе се зголеми бројот на вакцинирани деца.

**Носител:Општина Штип, ПЗУ Здравствен дом „Панче Караѓозов" и ромски здравствени медијатори**
**Буџет: in kind Општина Штип**
**Извор:Буџет на Општина Штип**
**Рок: континуирано,2016**

***7.2 Здравствено воспитување на населението преку одржување на предавања, трибини и др. активности***

**Носител:Општина Штип, ПЗУ Здравствен дом „Панче Караѓозов", Здруженија на граѓани**
**Буџет: in kind Општина Штип**
**Извор:Буџет на Општина Штип**

**Рок: континуирано, 2016**

***7.3 Функционирање на Центар за работна терапија на апстиненти од алкохол***

Општина Штип со одлука на Совет на Општина Штип број 08-3646/1 од 16 април 2015 година на Здружението на апстиненти за едукација, мотивација, рехабилитација и превенција од алкохол, тутун, таблети и друго „Здрав живот‘‘ од Скопје им предаде на користење недвижен имот-дел од зграда и двор, сопственост на Општина Штип, со КП број 2892 за КО Лесковица, евидентиран во Имотен лист број 61, без надомест за период од 10 години.

Објектот ќе се користи од страна на здружението „Здрав живот“ од Скопје како Центар за работна терапија на апстиненти од алкохол. Обврска на здружението е да ги обезбеди сите трошоци за реконструкција и адаптација на недвижниот имот, како и тековните трошоци настанати со употребата на објектот. Со функционирањето на Центарот ќе им се помогне на лицата кои веќе имаат проблеми со алкохолот да ја одржат апстиненцијата.

**Носители:Општина Штип и Здружение „Здрав Живот‘‘-Скопје**
**Буџет: in kind Општина Штип**
**Извор:Буџет на Општина Штип**
**Рок: континуирано,2016**

***Финансирање***

Активностите од областа на социјалната,детската и здравствената заштита утврдени со оваа Програмата ќе се финансира од средства од Буџетот на Општина Штип предвидена за 2016 година.

Градоначалникот на Општина Штип го обезбедува спроведувањето на Програмата за социјална, детска и здравствен заштита, го следи реализирањето, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели.

За остварување на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита во Општината Штип за 2016 година ќе бидат користени средствата од:

- Буџетот на Општина Штип за 2016;
- Буџетот на Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија;
- Претпријатија и трговски друштва;
- Фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство
- Други извори.

За целосна имплементација на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита на **Општина Штип за 2016 година** се потребни **13.584.000,00** денари.

Број 08-9977/1
26 ноември 2015 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Влатко Миташев, с. р.

599.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И
ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА
УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2015 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2015 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-9978/2
1 декември 2015 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

600.

Врз основа на член 20 став 1 и 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 199/14, 44/15 и 193/15) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број

01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 ноември 2015 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА
ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2015 ГОДИНА

I

Во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2015 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 12/14, 01/15, 04/15, 05/15, 06/15, 09/15 и 11/15) точката 1. **Програмски задачи** се менува и гласи:

„1. **Програмски задачи**

**1.1. Програмски задачи финансирани од страна на Буџетот на Општина Штип**

1.1.1. Изработка на ГУП за град Штип

М=1:5000
П=2.292,00ха

1.1.2. Изработка на ДУП за дел од УЕ 45 со опфат:
- од југозапад осовина на ул. „Богомилска“
- од северозапад осовина на ул. „Лески“
- од североисток осовина на ул. „Крушевска република“
- од југоисток осовина на ул. „11-ти Конгрес“

М=1:1000
П=5,92ха

1.1.3. Изработка на ДУП (измена и дополнување) на дел од „Бело Брдо“, дел од УЕ 2, со плански опфат кој започнува од север од пресечната точка на осовините крак на ул. „Ванчо Прке“ и планирана ул. „Ванчо Прке“ оди по осовината на планираната ул. „Ванчо Прке“ се до пресечна точка со осовина на постојна ул. „Стојан Рибата“, свртува десно и оди по осовина на постојна ул. „Стојан Рибата“ се до пресечна точка со осовина на постојна ул. „Вера Циривири-Трена“ свртува лево и оди по осовината на постојната улица „Вера Циривири-Трена“ се до пресечна точка со планираната ул. „Ванчо Прке“ свртува десно оди по осовина на планираната ул. „Ванчо Прке“ се до пресечна точка со осовина на постојна ул. „Христијан Карпош“ свртува десно и оди по осовина на постојна ул. „Христијан Карпош“ се до пресечна точка со осовина на постојна ул. „Маршал Тито“ се до пресечна точка со осовина на постојна ул. „Маршал

Тито“ свртува десно и оди по осовина на постојна ул. „Маршал Тито“ се до пресечната точка со крак на ул. „Ванчо Прке“ оди по осовината на постојниот крак на ул. „Ванчо Прке“ се до почетната точка.

М=1:1000
П=1,16ха

1.1.4. Изработка на урбанистички план за село Караорман, Општина Штип.

М=1:1000
П=136,4ха

1.1.5. Изработка на урбанистички план за село Чардаклија, Општина Штип.
М=1:1000
П=56,2ха

1.1.6. Изработка на урбанистички план за село Драгоево, Општина Штип.

М=1:1000
П=36,8ха

1.1.7. Изработка на урбанистички план за село Брест, Општина Штип.
М=1:1000
П=10,2ха

1.1.8. Изработка на урбанистички план за село Судиќ, Општина Штип.
М=1:1000

1.1.9. Изработка на ДУП за УЕ 22 и делови од УЕ 17 и УЕ 19.
М=1:1000

1.1.10. Изработка на ЛУПД за КП 835/2, КО Сарчиево.

М=1:1000
П=20,4ха

1.1.11. Изработка на урбанистичко планска документација за градба од посебен интерес на дел од КП број 834/1.
М=1:1000

**1.2. Програмски задачи финансирани од страна на заинтересирани инвеститори**

1.2.1. Изработка измена и дополнување на ДУП за дел од центар, дел од УБ 1, дел од УМ 1 и 2 со плански опфат:

- од север-осовина на ул. „Иво Лола Рибар“
- од исток-осовина на колско пешачка улица „19-та Бригада“
- од југ-осовина на ул. „Ванчо Прке“ и осовина на ул. „Кирил и Методиј“
- од запад-осовина на колско пешачка улица „Ѓорче Петров“ и улица „Јосиф Ковачев“

М=1:1000
П=2,7ха

1.2.2. Изработка измена и дополнување на ДУП за дел од населба „Јужен реон 2“, дел од УЕ 5, УМ 1 и 2 со плански опфат:
- од север-осовина на ул. „Генерал Михајло Апостолски“
- од исток-осовина на ул. „Браќа Миладинови“
- од југ-осовина на пешачка патека и осовина на ул. „Страшо Пинџур“
- од запад-осовина на ул. „Љубен Иванов“

М=1:1000
П=2,0ха

1.2.3. Изработка на ДУП за дел од Ново Село, дел од УЕ 90 со плански опфат:
- од запад-осовина на ул. „Димитар Влахов“
- од исток и југоисток-осовина на ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“

М=1:1000
П=0,32ха

1.2.4. Изработка на ЛУПД за КП 45/1, КО Три Чешми, Општина Штип

М=1:1000
П=0,64ха

1.2.5. Изработка измена и дополнување на ДУП за дел од УЕ 56, дел од ДУП за „Зона за образование и работна зона Пребег“ и дел од УЕ 57-ДУП за „Трговско услужен центар“, Општина Штип, со опфат:
- од североисток-осовина на Булевар „Гоце Делчев“
- од југоисток-граница на градежната парцела број 8
- од југозапад-осовина на новопроектираната улица се до крстосување со улица „Скоевска“
- од запад-осовина на ул. „Скоевска“ се до крстосување со ул. „21-ви Мај“ оди по осовина на ул. „21-ви Мај“ се до крстосување со ул. „Ристо Стојков“ оди по осовина на ул. „Ристо Стојков“ се до крстосување со ул. „Вељко Влаховиќ“
- од северозапад-осовина на колско пешачка улица „Ѓорче Петров“ и улица „Јосиф Ковачев“

М=1:1000
П=7,50ха

1.2.6. Изработка измена и дополнување на ДУП за дел од УЕ 53 и дел од УЕ 54 со опфат:
- од југ-осовина на Булевар „Гоце Делчев“
- од север-осовина на ул. „Брегалничка“
- од североисток-осовина на ул. „по ДУП за “Каленица“
- од југоисток по југоисточната граница на КП број 1301 КО Штип 1, до осовина на железничка пруга Штип=-Кочани оди по неа се до пресечна точка со границите меѓу КП 1305/4 и КП 1314/7 КО Штип 1

М=1:1000

1.2.7. Изработка на ДУП за дел од УЕ 79

М=1:1000

1.2.8. Изработка измена и дополнување на ДУП за дел од УЕ 52, со опфат:
- од југозапад-осовина на Булевар „Гоце Делчев“
- од северозапад-осовина на крак на ул. „Гоце Делчев“
- од север по северна граница на КП број 1357/4, КП број 1355/1 и КП број 1355/3
- од исток по југоисточната граница на КП број 1355/2 КО Штип 1
- од југоисток граница меѓу КП на поранешна „Селена“ и конфекција „Мавис“

М=1:1000

1.2.9. Изработка на ДУП за СРЦ „Суитлак“, дел од УЕ 16 и дел од УЕ 18

М=1:1000

1.2.10. Изработка на ДУП за дел од индустриска зона, дел од УЕ 53

М=1:1000

1.2.11. Изработка на ДУП за дел од индустриска зона, дел од УЕ 62

М=1:1000

1.2.12. Изработка на ЛУПД за КП 363/5 во м.в. „Улава Чука“ КО Три Чешми“

М=1:1000

1.2.13. Изработка на ДУП за дел од населба „Јужен реон 1“ со опфат:
- ул. „Првомајска“ и ул. „Димо Хаџи-Димов“

М=1:1000

II

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот по објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-9978/1 Совет на Општина Штип
26 ноември 2015 година Претседател
Ш т и п Влатко Миташев, с. р.

601.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2015 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2015 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-9979/2 Општина Штип
1 декември 2015 година Градоначалник
Ш т и п прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

602.

Врз основа на член 89 став 1 алинеја 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ број 17/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13, 163/13, 44/15 и 193/15) и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 ноември 2015 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАСПОЛАГАЊЕ
СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2015 ГОДИНА

I

Во Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 13/14, 01/15, 03/15, 05/15 и 06/15), во глава **2 „Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на програмата**“, **Градежни парцели што ќе бидат на располагање**, по точката 83 се додаваат три нови точки 84, 85 и 86, кои гласат:

„84.

| | |
|---|---|
|  | **ДУП: Банско лечилиште спортско рекреативен туристички центар „Кежовица“**<br>**Одлука број 0805-374/1 од 09.03.1989 година**<br>**УП. А**<br>**Класа на намена: анекс за терапија со олимписки базен**<br>**КО: Штип 5** |

85.




**ДУП: Банско лечилиште спортско рекреативен туристички центар „Кежовица“**
**Одлука број 0805-374/1 од 09.03.1989 година**
**УП. Б**
**Класа на намена: хотел 150-200 кревети**
**КО: Штип 5**

86.




ДУП:С.Р.Ц „Брегалничка“
Одлука број 0701-2153/1 од 22.12.2004 година
УП:12
Класа на намена: тениски терени

КО: Штип 5“

II

Почетната цена на градежните парцели од член 1 на оваа Програма ќе се утврдува во согласност со Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за оттуѓување и давање под закуп како и за засновање на правото на стварна службеност, која е на сила на денот на донесувањето на Објавата за оттуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Македонија по пат на електронско јавно наддавање во Општина Штип.

III

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-9979/1 Совет на Општина Штип
26 ноември 2015 година Претседател
Ш т и п Влатко Миташев, с. р.

603.
Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/09, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА
ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2016 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за Локален економски развој на Општина Штип за 2016 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-9980/2
1 декември 2015 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

604.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен гласник на РМ“ број 05/02), член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07,11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 26 ноември 2015, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2016 ГОДИНА

Локалниот економски развој како надлежност на локалната самоуправа во најголем дел зависи од навременото планирање во локалната самоуправа преку превземање на мерки и активности, форми и облици на одржлив економски развој.

Мерките на национално ниво не секогаш се во можност прецизно да ги идентификуваат потребите на општините во Република Македонија и за таа цел се изготвуваат Програми за локален економски развој на годишно ниво за секоја општина, базирани врз основа на Стратешките општински документи со што за секоја превземена активност се добива на легимитет со позитивно влијание кон локалниот економски развој на општините изразено како алатка за дејствување преку програмите за развој на општинската економија и одржливиот развој.

Локалниот економски развој се однесува на луѓето од различни сектори од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел, постигнување на одржлив економски раст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните и правните субјекти во заедницата.

Процесот на планирање на програмата е базиран врз непосредно учество од страна на јавните институции, бизнис заедницата и граѓанското општество преку заднички напори кои овозможуваат достигнување на заедничка визија за создавање на услови за одржлив локален економски развој, која ќе промовира развој на бизнисите кои истовремено овозможуваат услови за зголемување на вработувањето.

Програмата за поддршка на локалниот економски развој се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5 од 29.01.2002 година), статутот на Општина Штип (донесен на седница одржана на 18 февруари 2003 од Страна на Советот на Општина Штип со број 0101-186/1 од 18.02.2003), и останати законски одредби на Република

Македонија кои обработуваат економски теми, според препораките на Европската унија во делот од процесот на децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно начелата за транспарентност и отчетност со усвоени развојни плански документи.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработени проценки и анализи во заедницата од сите тематски области во кои локалната самоуправа има законски надлежности или е во фаза на нивно превземање.

Општина Штип преку Секторот за Јавни служби и локален економски развој и Одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален економски развој, според претходно **усвоените** и дефинирани стратешки цели и приоритети, ја претставува Програмата за локален економски развој на Општина Штип за 2016 година.

## 1. ЕКОНОМИЈА

### 1.1. Организирање на бесплатни обуки за младите и невработените лица од областа на менаџментот и претприемништвото

Општина Штип ќе продолжи да инвестира во создавање на услови за континуирано зголемување, промена и освежување на квалитетот на вештините на младите и невработените лица.

Целта е да се мотивираат сегашните и идни студенти, млади и невработени лица, да изградат претприемачки вештини со цел да овозможат преземање на иницијативи и одговорности за вградување и наоѓање свое место во брзото и секогаш менливо општество, вградувајки ѓи нивните желбите и компетенциите надградени низ формата на доживотно учење.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Штип за 2016 година

**Предвиден буџет:** 10.000, денари

### 1.2. Мапирање на брендови и нивна промоција

Општина Штип предвидува и во 2016 година во соработка со заинтересирани претставниците од деловниот сектор ќе продолжи со активноста на мапирање на брендови производи или услуги и нивна промоција и поддршка за настап и промоција на домашниот и пазарите во регионот, преку контакти со домашни агенции за маркетинг. Со ова ќе се овозможи создавање на домашни стандардизирани и квалитетни производи кои би влијаеле на модернизирање и воведување на нови технологии и зголемување на производството и извозот, а со тоа за создавање на релни нови работни места и нови инвестиции**.**

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Штип за 2016 година

**Предвиден буџет:** 62.000, денари.

### 1.3. Воспоставување на комуникација со општини и ширење на мрежата на соработка со нови општини

Одделението за локален економски развој и во 2016 година активно ќе продолжи да соработува со општините во Р. Македонија, регионот и од Европската Унија, со кои се отвараат можности за реализација на соработки и заеднички проекти во областите култура, млади, спорт, екологија како и соработки во областите на традиционалниот и алтернативен туризам, заедничко учество и партнерство во проекти и програми на Европска Унија, на локално и национално ниво, редовна размена на информации, управувачко и професионално искуство во развојот на локалната самоуправа.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Штип за 2016 година

**Предвиден буџет:** 60.000, денари

**1.4. Прилагодување на образованието со потребите на пазарот на трудот**

Изработка на анализи од постојните планови и програми за вработување како и изработка на анализи за следење на измените и подобрувањата на пазарот на трудот со утврдените сегашни и идни проектирани побарувања на стручен кадар и работна сила, како дефинирани потреби на деловните производствени капацитети во штипското стопанство.

Активноста се планира да се реализира во координација со деловната заедница на локално ниво, Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, Локалниот економски социјален совет, како и соработка со Министерството за образование и наука со што ќе се настојува да се реализира иницијативата со која, почнувајќи од учебната 2014/2015 година да се воведе наставна програма за образување нови стручни профили од соодветна дејност во средното техничко училиште и во средното текстилно училиште со поднесување на иницијативи за децентрализација на средното стручно образование.

**Извори на финансирање:** УСАИД (Мрежа ЈЕС)

**Предвиден буџет:** 502.200, денари.

**1.5. Подобрување на можностите за креирање на нови работни места**

Општина Штип во соработка со Локално економски социјален совет на Општина Штип ќе работат на подобрување на можностите за креирање на нови работни места со цел намалување на бројот на невработени лица и подобрување на социо-економскиот развој на самата општина преку промоција на јавно приватното партнерство, ослободување на комунални надоместоци и други поволности за инвеститорите, иницијативи за децентрализација на ДУП и нивни измени по барање на бизнис секторот поврзани со одреден број на вработувања во приватните фирми , како и промовирање на можноста за самовработување.

**Извори на финансирање:** УСАИД (Мрежа ЈЕС)

**Предвиден буџет:** 310.000, денари

**1.6. Програма Општинско корисна работа поддржано од МТСП и УНДП**

- Создавање услови за одржлив работен ангажман на социјално ранливи категории и
- долгорочно невработени лица на подрачјето на Општина Штип.
- Стекнување на работно искуство, професионални вештини и знаења на ангажираните

- лица за конкурентен пристап на пазарот на трудот.
- Социјална вклученост на инвалидизирани лица од различни категории како корисници на услуги од предлог проектот.

Основна цел е обезбедување на помош и поддршка на лица кои поради инвалидитет не се во состојба да се грижат за себе и не можат самостојно да ги задоволат своите животни потреби.

**Извори на финансирање:** УНДП

**Предвиден буџет:** 550.000, денари

**1.7. Истражување на можности за отпочнување нови бизниси атрактивни за странски инвеститори**

Општина Штип во соработка со Локалниот економски социјален совет на Општина Штип, ќе изврши истражување и потребни анализи за можности за почнување нови бизниси атрактивни за странски инвеститори, изработка на пакети со информации за предлог најдобри бизнис планови и обезбедување на поволности за инвестирање од Општина Штип.

**Извори на финансирање:** УСАИД (Мрежа ЈЕС)

**Предвиден буџет:** 372.000, денари

**1.8. Ревидирање на Локален акционен план за вработување на Општина Штип**

Општина Штип во соработка со Локален економски социјален совет, Агенцијата за вработување на Република Македонија - Центар за вработување Штип, здруженијата на граѓани кои во своите програми за работа ѓи опфакаат социјалната политика и анализа на невработеноста, подготви ЛАП за вработување на Општина Штип. Активните мерки за вработување на АВРМ и МТСП како и спроведување на предложените мерки и активности од изготвувачите ќе овозможи услови за намалување на бројот на невработени во Општината како создавање на можности за вработување на средношколци и студенти.

**Извори на финансирање:**УСАИД (Мрежа ЈЕС)

**Предвиден буџет:** 186.000, денари

**1.9. Градење ефективна и демократска локална самоуправа**

Министерството за локална самоуправа и Ecorys Nederland BV проект ,,Градење на ефективна и демократска локална власт“

Подготовка на:

- **Интегриран план за Општина Штип 2015-2017 година со годишен извештај.**
- Студија на изводливост (поголеми проекти): дали е проектот технички изводлив и дали се осврнува на утврдените потреби, трошоци, приходи/заштеди
- Техничка документација (помали проекти)
- Проценка/извештај за влијанието врз животната средина
- Анализа трошоците и придобивките: обично како дел од студијата на изводливост

**Извори на финансирање:** ЕУ

**Предвиден буџет:** не се предвидени финансиски средства

## 2. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

### 2.1. Информации за земјоделците на веб страната на Општина Штип и издавање на општински потврди за апликанти подносители на барања по ИПАРД програмата

Секоја година Општина Штип реализира активости за овозможување на информации за земјоделците до општината како и прием на барања и издавање на општинска потврда за усогласеност со општински документи за локален и рурален развој.

Целта на активноста е запознавање на земјоделците со сите програми и извори на финансиски средства кои ги нуди државата, но и меѓународните фондови без при тоа да има тежок достап до бараните информации и обезбедување на услуѓи согласно барањата од објавениот повик.

Активноста предвидува поставување на линкови и организирање на тематски информативни трибини и работилници за земјоделците на страната на Општина Штип и обезбедување на услуга издавање на потврда.

**Извори на финансирање:/**

**Предвиден буџет:** не се потребни финансиски средства

### 2.2. Поддршка на земјоделците за анимирање и популаризација на можностите за користење на мерките од ИПАРД програмата на Европската Унија

Одделението за локален економски развој е во служба на граѓаните и од тие причини, како и секоја година, така и во 2016 година ќе даде поддршка на истите.

Оделението за ЛЕР заедно со АПУРЗ подрачна единица Штип на отворени тематски средби, ќе ги информира земјоделците за можностите за користење средства од ИПАРД програмата за поддршка со објаснување на условите и потребната документација за аплицирање со предавачи консултанти од АПРЗ на Р. Македонија.

Целта на оваа активност е да се зголеми бројот на земјоделци кои ќе аплицираат за ИПАРД, а со тоа да се унапреди нивото на земјоделството во општината.

**Извори на финансирање:** Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и АПРЗ на Р. Македонија

**Предвиден буџет:** финансиски средства не се потребни.

### 2.3. Активности за формирање на ЛАГ-ови и подготовка на стратегија на ЛАГ-ови за овозможување на користење средства по отворени повици.

Аплицирање за користење на средства од програмата на ЛИДЕР по објавен повик од Агенција за Рурален развој. Заеднички настап со соседни

општини Конче Радовиш и Карбинци со претходна согласност од Совет на Општините.

Организирање рурални подрачја на територија од две или повеке општини со цел формирање на Локални Акциони Групи или т.н. (ЛАГ-ови) за користење на средства од Буџет на РМ преку МЗШВ и ЛИДЕР програмата.

**Извори на финансирање:** Буџет на РМ преку МЗШВ и Средства од ЛИДЕР програмата на ЕУ.

**Предвиден буџет:** Финансисики средства од МЗШВ и ЕУ според условите и барањата во повикот

**2.4. Користење на средства од програмата за поддршка на неразвиени подрачја од Агенција за рамномерен регионален развој при МЛС**

Апилицирање за користење на средства од програмата за рурален развој при МЗШВ и неразвиени подрачја од Агенција за рамномерен регионален развој при МЛС за инфраструктурни проекти во руралните подрачја и тоа по мерката развој на подрачја со специфични развојни потреби.

**Извори на финансирање:** Агенција за рамномерен регионален развој; Министерство за локална самоуправа

**Предвиден буџет:** финансиски средства предвидени со барањата во повикот

## 3. ИНФРАСТРУКТУРА

**3.1. Подготовка на техничка документација за инфраструктурни проекти во рурални населени места во селата: Пиперово, Драгоево, Криви Дол, Љуботен и Шашаварлија;**

- Улица во с. Пиперово
- Пристапен пат во с. Драгоево
- Реконструкција на водовод во с. Кривидол
- Реконструкција на водовод во с. Љуботен
- Пристапен пат до црква во с. Шашаварлија

**3.2. Изведба по основен проект Партерно уредување Мал плоштад со чешма во с. Кошево по објавен повик од септември 2015 година.**

